ISBN 608243155-3
9 786082 431550
Антолог
www.antolog.mk
Зависни од книги

Саво Костадиновски Роден крај со срце Savo Kostadinovski Das Heimatland mit Herzen Антолог

Саво Костадиновски

Роден крај со срце

Savo Kostadinovski

Das Heimatland im Herzen

Антолог

Саво Костадиновски

РОДЕН КРАЈ СО СРЦЕ

Антолог

Библиотека

Нови планети

книга 9

Скопје, април 2016

© Сабо Костадиновски
Сите права се задржани.

© АНТОЛОГ СКОПЈЕ
(прво издание)

Главен уредник
Жарко Кујунџиски

Одговорен уредник
Олга Кујунџиска

Превод на германски
Волф Ошлис

Лектура
Кристина Велевска

Печатница
Полиестердеј
ул. „Рајко Жинзифов“ бр. 50, Скопје

Тираж
150

Printed in Republic of Macedonia

НАМЕСТО ВОВЕД

Посветено на мојата ќерка Елизабета

Расказиве поместени во оваа збирка настанаа претежно во Келн, во градот каде што Бети се роди. Следејќи го нејзиното растење, дома, и низ многубројните прошетки по Келн, мојата инспирација беше таа. Заедно доживеавме многу настани, во разни околности, здобивајќи се така со најразлични теми, а дел од нив успеав да ги преточам во овие прозни записи. Воедно, за овие текстови бев инспириран и од разни доживувања кои што сум ги проследил меѓу странските и германските деца. Исто така, неизбежно и неодминливо ги внесував и некои интересни настани кои се случуваа кога ќе допатував на одмор во мојата татковина, во Македонија.

Авторот

ЦВЕЌЕ

Во Холандија, во земјата на цвеќето, живее Славица со својот син. Таа многу ги сака цвеќињата и се одушевува од нивното шаренило што го создале вредните раце на овие луѓе. Таа вели дека со својата силна љубов тие создале толку многу цвеќиња што и земјата им ја нарекуваат – земја на цвеќето! Но им забележува што немаат насадено и од нашите цвеќиња. Оние, роднокрајните, што и самата ги носи во своето срце.

Пред тргнување на одмор во татковината, Славица купи една холандска саксија за цвеќе. Кога ја виде син ѝ, ѝ рече:

– Мамо, зошто ти е оваа саксија?

– За цвеќиња! – му одговори.

– Зар малку цвеќиња имаме на балконот?

Мајка му му призна дека балконот им е преполн со цвеќиња, но си ја отвори душата:

– Не се малку цвеќињава што ги имаме, но мене, сине, ми недостасува наше, македонско цвеќе. Душата ми посакува да имаме роднокрајно цвеќе, некое од оние што си ги имаме во дворот.

– Но, мамо, знаеш ли дека во Холандија ниту се внесуваат, а ниту се изнесуваат цвеќиња и семе? Такви се нивните закони! – ја предупреди синот.

Мајка му го послуша и ја остави саксијата. Си дојдоа на одмор без саксија. Мајка му им се одушевуваше на нашите цвеќиња. А деновите брзо поминуваа.

По одморот, пак се вратија во Холандија.

Настапи есента. А по неа се истегна и зимата, долга и здодевна. Потоа дојде и пролетта, кога мајка му на балконот во саксијата ги посеа зрнцата од каранфилчето.

Кога изникнаа, срцето ѝ се исполни со радост. Израснаа, расцутеа, беа прекрасни... И дури тогаш ги забележа и син ѝ. Тој се израдува што ѝ се исполнила желбата.

На балконот во Холандија замириса македонско цвеќе...

ВРАТЕНО ПИСМО

Пред да заминат во Германија, родителите на Весна живееја в село, а таа учеше во трето одделение. Беше одлична ученичка и учителката тагуваше што ќе се раздели од неа. Тагуваше и Весна за учителката и за другарчињата. Но така мораше да биде. Разделбата беше неизбежна.

Во Германија Весна го продолжи училиштето. Не ѝ беше лесно. Пред неа се испречи јазикот што полека почна да го учи.

Оттогаш помина време, а таа не ја заборави својата обврска. Со солзи на очите им напиша писмо на својата учителка и на другарчињата во родната земја.

Писмото го почна, а и го заврши со „мила моја учителке“. А потоа изнареди во него сè што ѝ тежеше на душата. Го отвори срцето и си кажа дека многу ѝ недостасуваат учителката и нејзините другарчиња од некогашното одделение. Потоа го адресира до учителката и го испрати по пошта.

По извесно време, кога се врати од училиште, ја пречека мајка ѝ со зборовите:

– Писмото ти се врати!

Весна се загрижи. Како можело да се врати кога убаво и точно го адресира? Кога го зеде в рака забележа дека не е тоа писмото што го испрати таа.

– Мамо, ова е одговор, а не вратено писмо! – радосно извика и почна да го чита.

Во писмото сите другарчиња од одделението беа напишале по некој збор. Тоа ѝ беше најдрагото писмо што го

имаше дотогаш добиено. Се радуваше што не се врати писмото, туку што ѝ донесе одговор од најмилите.

Така го започна своето допишување. Во секое писмо не забораваше да им напише: „До скоро видување!“

Најмилите никогаш не се заборават. И не само тоа... Преку писмата што ги испраќаше и ги добиваше, таа беше многу поблиску до родната земја.

ПРОСТУВАЊЕ

Неколку Македончиња играа заедно со Германчињата. Едното од нив се спречка нешто со Ристе и му рече налутено:

– Странецу, оди си дома!

Другите деца ништо не рекоа. Кусо време молчеа, а потоа како ништо да не се случило, си ја продолжија играта.

Ристе не можеше да ја премолчи навредата. Ја напушти играта и отрча до продавница од каде што купи гуми за џвакање. Потоа се врати и на сите им подели по една. Му даде и на Германчето со кое пред малку се спречкаа. Тоа, пак, малку се помисли, а потоа, сепак, со виновна насмевка ја подаде раката. Во тој миг тоа ја почувствува својата грешка. Тоа го забележаа сите, а најмногу Бошко, Ване и Ристе.

Најпосле играта заврши. Децата се разотидоа дома.

Другиот ден пак се сретнаа. Едно од Германчињата извади полно ќесе со чоколадни бонбони и ги почести сите. Најпрво им подаде на Македончињата, а потоа и на другите деца. И со восхит им рече:

– Хајнц се кае за грешката. Никогаш повеќе нема да ве нарекува ниеден од вас „странец“. Ние сме другари и заедно ќе раснеме и ќе играме. Разбирате ли?

– Бездруго, Герд! Ти благодариме! – му одговори Ристе.

– Ние сакаме да бидеме другари, да играме заедно.

Така беше и најдобро. Децата најдоа свој јазик и брзо се смирија. Неправдата со навредата на Ристе не остави кај никого белег.

Децата најдобро умеат да простуваат.

4
РОДЕН КРАЈ СО СРЦЕ

Со повеќе нашинци во Келн одржувавме пријателски врски. Често заедно одевме на излет или се посетувавме дома. И секогаш разговорите ни се одвиваа на иста тема: родниот крај.

Ги споменувавме планините, ливадите, поточињата, црешните, ги именувавме изворчињата и чешмичињата низ селото, се присетувавме на игрите од нашето детство и душата си ја исполнувавме со задоволство.

Кога ќе се разделевме, секој во себе го носеше мирисот на цвеќињата во селото и разбрануваното ветре од нашите шуми. Тоа беше и најубавото во нас.

Еднаш, по една таква средба, мојата ќеркичка ме праша:

– Тато, толку ли многу го сакаш селото?

– Да, го сакам, премногу го сакам, Ели. За моето село душава ми плаче.

– Колку е големо „твоето многу“? – продолжи таа. – Би сакала да знам!

– Не можам да ти опишам! – ѝ реков. – Едноставно, срцево би го дал за родниот крај!

Оттогаш помина месец, а можеби и повеќе. Со пријателите повторно бевме на излет. И кога почнавме да зборуваме за родниот крај, Ели ми подаде еден цртеж. Според нејзиното кажување таа го имаше насликано нашето село. Околу селото нацртала големо срце на кое пишуваше: „Роден крај со срце“!

– Тоа е срцето на тато! – ни рече Ели. – Тој селото го има сместено во своето срце... Како на оваа слика.

Ние слатко се изнасмеавме. Таа имаше направено прекрасен цртеж. Но тоа срце не беше само моето, туку на сите печалбари.

5
ПАЗАРОТ

Марија честопати одеше со мајка ѝ на пазарот. Таму имаше многу луѓе и нејзе ѝ беше интересно. Продавачите постојано како да се натпреварувааво фалење на своите производи.

– Свежи домати од Италија!

– Слатки праски од Грција!

– Вкусни портокали од Шпанија...

Но таа никогаш не го слушна името на својата татковина, иако ѝ беше јасно дека имаме и праски, и јаболка, и грозје, и домати.

Еднаш, слушајќи како еден чичко ја нудеше својата стока, на мајка ѝ ѝ рече:

– Мамо, зошто никој ништо не продава од нашата земја?

Мајка ѝ збунувачки се поднасмевна

– Зошто не велат грозје од Македонија? Па, нели ние имаме најубаво грозје?

Мајка ѝ не знаеше што да ѝ одговори. Но најпосле се досети:

– Ние сме многу далеку, затоа!

– Ех, мамо! – прекори девојчето. Па Грција е подалеку од нас!

– Не знам, чедо! – мајката се најде во беспомош.

Оттогаш помина извесно време. Марија пак се најде на пазарот. И пак ги слушна истите гласови. Но, овој пат до ушите ѝ допре познато име:

– Повелете, повелете! Грозје од Македонија! – викаше човекот.

Марија и мајка ѝ пламнаа од радост. И бргу се најдоа кај чичкото. На тезгата навистина се продаваше македон-

ско грозје. Гајбичките беа полни со гроздови со килибарна боја. Мајка ѝ веднаш купи цело гајбиче, а чичкото, на лош германски јазик, ѝ рече на Марија:

– Земи, малечка, зобни некое зрнце. Нема поубаво од македонското грозје!

– Јас сум Македонка и тоа добро го знам! – му се насмеа таа.

Чичкото остана збунет. Му беше мило што наиде на наш купувач. Се израдува и ги покани пак да дојдат.

Но поканата не беше ни потребна.

6
ЗЕЛНИК

На Виолета ѝ наближуваше роденденот. Таа посака да ги покани другарчињата од одделението да ѝ дојдат дома, но се мислеше со што да ги почести. Мајка ѝ знаеше за желбата и затоа ѝ рече:

– Ќе купиме сè што ти треба, мила моја! Ти само покани ги да дојдат.

– Но, мамо јас сакам со нешто необично... Со нешто што ќе им се допадне и што ќе го запаметат.

– Што може да биде тоа? – се подзамисли мајка ѝ.

И Виолета размислуваше. А потоа како да се досети, па плесна со рацете:

– Мамо, најдобро ќе биде ако ја повикаме баба да ни замеси убав македонски зелник.

Мајката се насмевна

– Ќе им се допадне, мамо!

– Знам, Виолета, знам...

– Но, баба е далеку! – воздивна девојчето. – Толку е далеку...

– За зелникот не треба да се грижиш. Ќе го направам јас и ќе биде ист како да го правела баба ти. Ќе видиш!

Така и се случи. За роденденот мајка ѝ се зафати со работа. А нејзината ќерка ги донесе своите пријатели. Тие поседнаа, се одморија малку, а мајката на секое од нив во чиниче му подаде по едно парче зелник. Низ собата се разлеа пријатен мирис, а децата одушевени од македонскиот специјалитет, почнаа да викаат:

– О, Виолета, зер гут!

– Многу добро! – задоволно рече и другарка ѝ Вера.

Виолета беше презадоволна. Задоволни беа и другарчињата. Тие дури ја замолија и другпат да ги покани на ваков специјалитет. Таа на заминување им вети дека секогаш се добредојдени.

– Виде ли? – беше среќна и задоволна и мајка ѝ.

Виолета ништо не ѝ одговори, туку само ја гушна.

Зелникот навистина беше вкусен. А чиничињата сè уште стоеја празни на масата.

За татко ѝ останаа само воздишките по зелникот од кој немаше ниту ронче.

7
ХАЈДИ

Беше топло летно утро кога еден автомобил запре пред нашата куќа. Тој беше со германска регистрација, а од него се појави чичко ми. Него веднаш го познав. Но не и жената со девојчето што излегоа од автомобилот. Ги оставив играчките во дворот и отрчав дома да им кажам дека пристигна чичко ми. Тоа не беше потребно. Тие знаеја по брмчењето на возилото и веќе ја подготвуваа куќата за пречек.

Чиче влезе дома, а по него жена му и девојчето, кои по малку се стеснуваа. Тој се смести на триножничето до прозорчето, а жена му одвај го препозна татета кој им беше на свадбата во Келн. Оттогаш беа поминати десетина години и таа го имаше заборавено.

Јас ја гледав Хајди (така се викаше нивното девојче) која имаше сини очи и руса коса. Таа седеше во скутот на мајка си и одвреме-навреме ме погледнуваше со сините очиња. Мајка ми ја повика да дојде кај неа и ние сите се изненадивме кога таа ги рашири рацете и втрча во нејзините прегратки, иако дотогаш не се беа виделе.

Потоа Хајди ја поканив да дојде со мене да си играме со моите играчки во дворот. И таа дојде. Посакав да ѝ покажам една моја игра и почнав да ѝ објаснувам. Хајди само ме слушаше, а јас мислев дека сè ме разбира.

Кога нешто ќе ѝ објаснував, обично ѝ велев:

– Добро, Хајди! Убаво, Хајди!

– Добро, убаво! – ми одвраќаше таа.

Оттогаш почнаа да течат нашите заеднички денови. Со Хајди се запознаа и другите девојчиња и момчиња. Таа беше весела и сите ја засакавме.

Чичко ми и стрина ми беа безгрижни. За Хајди имаше кој да се грижи. Таа научи и едно чудо зборови и ѝ стана многу полесно. И прекрасно се забавуваше со нас.

А кога заврши одморот, Хајди беше многу тажна. Не сакаше да се раздели од нас. Тажни бевме и ние. Сакавме да остане со нас во селото и понатаму, но тоа беше невозможно.

Кога влезе во автомобилот, ни рече:

– Ќе дојдам пак!

Татко ѝ се зачуди на убаво изговорените зборови и ја гушна. Тоа го направи и стрина ми. Со солзи се разделивме од Хајди.

Оттогаш постојано ја очекуваме да ни се врати.

Сега Хајди е во Германија, но ние ја сонуваме. Можеби и таа нѐ сонува нас.

Сега заедно сонуваме пак да бидеме заедно.

8

НИШТО НЕ МИ ПРЕЧИ

На железничката станица во Франкфурт на Мајна, беа собрани стотици нашинци – печалбари. Го чекаа возот за татковината и весело си прикажуваа меѓу себе. Некои беа тргнале на одмор, а некои на неколку дена, само на видување.

Од некаде сиот „накитен“ со пакетчиња, се појави чичко Стојмир. Повеќето што го познаваа, почнаа да му се смеат и да му дофрлаат:

– Дедо Мраз! Еве го Дедо Мраз! Тој тргнал на пат за татковината!

А кога сосем им се приближи, еден работник го праша:

– Што ќе ти се толку пакетчиња, бре, чичко Стојмир?

Тој малку здивна и му рече:

– Секогаш кога сум дома, ми нарачуваат играчки и чоколади. А јас им ветив дека ќе им донесам. Еве, сега го исполнувам ветувањето.

– Убаво си направил! – прифати оној што го праша.

– За нив вреди да се носи подарок – продолжи чичко Стојмир. – Мене не ми пречи, туку ме радува. А и тие ќе се радуваат... Знам...

– Сепак, не ти пречи ли толкав товар? – му се подбиваше едно момче.

– Ех, младо момче, како да ти кажам... Млад си, можеби и самиот ќе се увериш... Еден ден... Дај Боже...

Повеќе случајно, во истиот период, во поголема група се враќавме назад, во Германија. Веќе бевме седнале на седиштата, кога на перонот се појави чичко Стојмир со цела сурија внучиња што го испраќаа. Нивните очиња беа рас-

плакани. А и неговите очи... Децата го гушкаа и нешто му нарачуваа.

Дури тогаш на сите ни стана јасно, зошто на чичко Стојмир ништо не му пречи кога се во прашање внучињата.

Само, кога сите внучиња би имале вакви дедовци...

9
СЛУЧКАТА СО КУЧЕНЦЕТО

Еднаш со Бети седевме на една клупа во паркот. На соседната клупа беше седнат еден чичко кој крај себе држеше малечко кученце. Тоа се врткаше, му се качуваше по колениците и како да го молеше:

– Пушти ме да си поиграм!

Човекот како да го разбра кученцето. Го пушти и тоа веднаш за игра ја одбра Бети. Дојде кај неа и почна да си игра. Ѝ се вплетка во нозете, а таа нежно го помилува по главата. Преку кученцето се зближивме со човекот и почнавме да разговараме прво оддалеку, а потоа тој дојде на нашата клупа. Ме погледна и ме праша:

– Вие сте странец?

– Па, како да ви кажам... Да, сум... – му одвратив на германски.

– Вие сте Македонец? – пак ме праша.

– Да, Македонец! – му реков. – А како дознавте?

Тој се насмевна и погледна во девојчето.

– Преку девојчето. На кученцето му зборува на ваш јазик...

Потоа ме праша колку време сум во Германија и ме пофали за тоа што сум научил убаво да зборувам германски. Тој го отвори срцето и ми раскажа дека за време на војната бил во нашата земја. Во некој нацистички одред... Но дека војната ја мразел... И успеал да побегне, да се скрие во едно село во кое се оженил и го научил нашиот јазик. А еве сега, му се исполнила желбата да се врати во родниот крај и да се насели во него да живее.

– Годините ми поминаа, но желбата за родниот крај ми остана иста. Таа никогаш не ме одмина – продолжи тој. –

Војната е безмилосна и бесмислена. Таа нè прави несреќни, нè уништува. Но сега сум среќен и го продолжувам моето живеење овде, во родниот крај. А и вие си го сакате вашиот роден крај, зар не?

– Премногу! – му одговорив.

Тој се насмеа. Му стана мило. Остана да ги гледа Бети и кученцето како си играат. Му се допаѓаше играта и мирниот живот, се гледаше тоа во неговите очи и однесување.

НЕ СМЕ СТРАНЦИ

Во училиштето се одржуваше родителска средба. Беа дојдени сите родители и наставничката го започна состанокот. Тука учеа и мал број Македончиња, кои постојано другаруваа со Германчињата и, речиси, никогаш немаа можност да зборуваат на мајчиниот јазик. Се случуваше дури и на часот по мајчин јазик, некое од децата да одговори на германски. Тоа наставничката најмногу ја лутеше и затоа состанокот со тоа и го почна:

– Понекогаш, кога ги слушам децата како зборуваат само на германски, срцето ме заболува. Па тие воопшто не го знаат мајчиниот јазик и добивам впечаток дека вие дома само на германски им зборувате. Јас не можам со три часа да им го надополнам она што го имаат дома со вас, ме разбирате ли?

Никој ништо и не одговори. Таа беше во право и сите се чувствуваа виновни.

– Ве уверувам дека тука ние не сме странци! – продолжи таа. – Но, дома, во нашата земја, сигурно тоа ќе бидеме! Од тоа и се плашам. Ќе им треба преведувач на децата.

Сите виновно молчевме.

– Ете, пред некој ден едно девојче ми рече кога разговарало по телефон со некој роднина, барало преведувач – продолжуваше со прекорите наставничката.

Потоа на состанокот беа изнесени уште многу други примери. За некои од нив се имаа оправдувања, но за повеќето, не.

Наставничката, како добар пример, ја наведе малата Елена, чија мајка е Германка, а македонски научила од

својот татко. Таа ја прифати поплаката за тоа што малиот Васко нема ни едно нашинче со кое би имал можност да си игра и да зборува на мајчин јазик.

Состанокот заврши со забелешката дека „тука не сме странци, а во родната земја ќе бидеме!“

И наставничката и родителите – со право беа загрижени.

ВО ПАРКОТ КРАЈ РАЈНА

Едно неделно попладне со Бети шетавме низ паркот крај Рајна. Грееше топло пролетното сонце кое беше ретко кост и мамеше стотици шетачи по патеките. Ние тргнавме кон играчките, таму каде што имаше најмногу деца.

Иако повеќето беа Германчиња, не беа ретки и странски деца од сите бои и националности. Заедно играа, трчаа, се смееја и покажуваа најубав пример на другарување.

Еден дедо си играше со своето внуче. Тоа му се оттргна од рацете и се втурна во играта со другите деца. Тој ми се доближи и почна нешто да ми зборува, а кога дозна од каде сум, ми рече:

– Ја познавам вашата земја. Ја преживеав војната и посакувам никогаш повеќе да не се врати. Ние треба да се срамиме, ме разбирате ли, човеку? И секогаш треба да го имаме примерот со децата. Тие можат да ни покажат како се другарува.

Одобрувачки кимав со главата. Ги прифаќав неговите зборови.

– Гледате ли како си играат, како се разбираат и не им пречи што се од различни бои. Ако некој ги праша нив, тогаш никогаш не ќе постојат војни, туку само игри! – продолжуваше човекот, а во еден миг, извинувајќи се, потрча кон внукот, плашејќи се да не му се изгуби низ мноштвото.

Имаше право. Децата беа разиграни, не обрнувајќи внимание кое со кого. Ете, и мојата Бети не ме праша дали може да си поигра со децата, туку се растрча со нив.

Дали војните ги измислуваат и ги водат луѓето кои не виделе како си играат децата? Тие кои како да не биле деца!?

Но да „бидат деца“, сè уште има време. Нека дојдат и нека видат во овој прекрасен парк крај Рајна.

БОТУШКИТЕ ИЗВОРИ

Беше студено и магловито јануарско претпладне кога седнав на местото што го имав резервирано во возот од Атина за Келн. Се наместив до прозорецот и извадив весник за да читам. Спроти мене седна еден човек и замислено се загледа преку прозорецот. По кусо молчење, ме праша:

– Момче, каде со добра намера?

– Одам на работа во Келн, во Германија – му реков и продолжив да читам.

– А од каде си? – продолжи да се интересира тој.

– Од Ботуше. Сте слушнале ли за тоа село?

Одеднаш човекот се возбуди. Ми се загледа в лице, потстана од местото и препраша:

– Велиш, од Ботуше!? Мене не ме познаваш?

– Не – му реков и го оставив весникот, загледувајќи му се за да се присетам кој е и дали е ботушанец.

– Јас, момче, сум Велјан, земјаци сме! – ми повтори тој. – А Војо, дали го познаваш? Мајстор е за столарија, сигурно го знаеш...

– Војо го знам, но за тебе... Прости, не можам да се сетам!

– Војо и треба да го знаеш. Голем мајстор е. И нема работа што не му оди од рака, а јас сум друго. Најпосле, порано сум излезен од село, ти тогаш си бил многу малечок...

– Станавме туѓи. Селото си го запустивме. Не навраќаме ниту ние, ниту нашите деца. Никој не навраќа. А убаво ни е Ботуше – се расприкажува тој. – Ете, Војо летово беше бил таму и беше ги снимил на видеокасета „Ботушките извори“. Ги гледав неколку пати и се изнаплакав. Не можев да им се изнагледам...

И самиот се присетив на изворите, а и мене во очите ми навреа солзи. Возот ме носеше за Келн, а јас со мислите бев кај изворите. На мојот соселанец му реков:

– Налето, чичко Велјан, ќе се најдеме кај Ботушките извори! Се согласуваш ли?

– Уште прашуваш! Ќе одиме и ќе го најдеме учителот Димко. Уште тој им остана верен на изворите, не бега оттаму. Таков вљубеник во нив ниту се родил, ниту ќе се роди...

Го одредивме и денот кога да се најдеме. Во еден миг од заморот почнавме да мижуркаме. Возот одминуваше. Тој брзаше и нè носеше кон север, далеку од Ботушките извори, но тие пак клокотеа во нашите души. Надвор видиците се стеснуваа. Се тестеше густа магла. Паѓаше густ смолест мрак, а ние двајцата сонувавме ист сон: нашите извори во родното Ботуше.

ТАТО, ВРАТИ СЕ

Верче е ученичка во четврто одделение. Четири години е одлична, но исто толку лета е и тажна. Кога тргна в училиште, татко ѝ ја донесе од Париз заедно со куп подароци, со убава чанта, потоа со моливчиња и тетратки. Но и со ветување дека во Скопје ќе ѝ испраќа сè што ќе ѝ затреба. Само ако му вети дека ќе биде одлична ученичка.

И, еве, Верче четири години си го исполнува ветувањето, а од татко ѝ нема ни трага, ни глас. Што стана со него? Не пишува писма. Не ѝ се јавува на мајка ѝ... Зар може да биде весела?

Во еден период девојчето стана нервозно, но, никогаш, ниту на учителката, ниту на другарчињата, не им спомена за својата загриженост. Тоа беше нејзина болка и единствено си ја споделуваше со мајка си.

Еден ден, без да знае мајка ѝ, од албумот зеде една фотографија на која беше со татко ѝ и напиша: „Тато, врати се!“

Потоа ја стави во еден плик и му ја испрати на татка си во Париз.

Кога татко ѝ го добил писмото, веројатно многу се натажил, до срце го здоболеле зборовите дека таа останала на ветувањето, но не и тој. А, сигурно посебно го здоболела пораката: „Тато, врати се...“

Набрзо им пристигна писмо. Во него тој подробно им напиша дека бил болен и дека не сакал да ги вознемирува со својата болест, па затоа не им се јавил. Но, ете, среќата му се насмевнала, па сега закрепнал. Уште им напиша дека, иако изнемоштен, ќе гледа да си дојде дома...

Верче и мајка ѝ долго плачеа. Тие се радуваа што бил жив и што не ги напуштил како многумина други печалбари. Со таква мисла сега им стана полесно.

Со радост го очекуваа да им се врати. Нервозата на Верче исчезна и ништо не можеше да ја спречи на патот кон петките.

Ете, едно обично „тато, врати се“, на девојчето и мајката им ги врати вербата во животот и во среќата.

СРЕЌНОТО МОМЧЕ

Мехмед беше млад работник, дојден од некое село во Анадолија. Со себе го носеше товарот на сиромаштијата и затоа беше цврсто решен вредно да работи и да заработи.

Неуморно работеше и ја ценеше работата. Тоа го ценеа и неговите работодавачи и чесно му го наградуваа трудот.

Во слободното време, иако малку го имаше, како младо момче, тој се интересираше и за девојките. Така, тој се запозна со убавата Хелга. Со неа одеше на плажа, на прошетки и се чувствуваше среќен, зашто таа не се однесуваше кон него како кон странец, туку му возвраќаше со љубов.

За оваа врска беше дознал татко му од некои пријатели и веднаш му рекол да се врати назад дома. Тој имал намера да му најде некоја срамежлива селска девојка со која неговиот син никогаш не се беше видел.

Еднаш, така замислен и со насолзени очи, ми се исповеда:

– Знаеш, родителите на девојката што ми ја најдоа родителите, имаат лозје, овоштарник и ниви со чај. Татко ми се надева дека ќе има и за мене нешто за да живеам пристојно во мојата земја.

Настана молк меѓу нас. Молчам и го гледам. Зашто знам дека разговорот со тоа не е завршен.

– А јас, пак, сè си мислам на Хелга. Добра е, со мене оди на плажа, секаде... – продолжи момчето. – Таа девојка од моето село никогаш нема да оди на плажа. Нашите девојки се поинакви, не се како овие, се срамат...

По образите му потекоа солзи. Се залипа Мехмед и одвај успеа да си го доотвори срцето:

– Знаеш, татко ми се плаши за мене. Мисли дека овде лошо се однесуваат спрема нас. Мисли да не фатам лошо друштво и да не пропаднам, а јас не сум таков. Чесно работам и ја сакам Хелга...

Од оваа средба поминаа дваесетина дена. Помина и постот Рамазан, а со Мехмед одново се сретнавме. Беше весел. Со него беше и Хелга.

– Сè уште не си се вратил? – го прашав.

– Нема враќање. Чичко ми успеа да го убеди татко ми и јас не помислувам да се вратам! – радосно ми одговори Мехмед.

Во тој миг, помислив дека нема посреќно момче од него.

15
ШАЛЧЕТО ОД ОХРИД

Тој ден, кога се врати Лиле од училиштето, само што руча веднаш продолжи со своите обврски. Прво ги напиша домашните задачи, потоа ги повтори лекциите и најпосле седна да чита една убава книга.

Но, времето никако не ѝ минуваше, а здодевноста и со книгата не можеше да ја запре. Беше нервозна. Се чувствуваше осамена во овие далечни и студени предели на Шведска.

Зазвони ѕвончето и на вратата се појави поштарот. Тој во рацете држеше малечко пакетче. Лиле веднаш ја прочита адресата на испраќачот. Беше тоа нејзината постара сестра Билјана која остана да живее во Охрид.

Кога го отвори пакетчето, имаше и што да видат. Во него беше сместено само едно црвено шалче со порака: „На мојата драга сестричка Лиле, за среќен роденден!“

За час нервозата од Лиле се пресели во поинакви предели. Таа го наметна црвеното шалче врз себе и како да ги почувствува нежните и топли раце на сестра си. Со мислите веќе се најде таму на југ, во Охрид и ја бакна во знак на благодарност.

Утрото со шалчето се појави и на часови. Сите што го видоа ѝ го пофалија. А, таа, горда, како да е Црвенкапа од сказните, ги покани на роденден.

Кога ѝ дојдоа дома, им раскажа и за топлите раце на сестра ѝ во Охрид. Толку ги испофали, но ѝ беше жал што таа не можеше да ги чуе пофалбите. Тогаш можеби до небо ќе пораснеше! Така си мислеше помалата сестра.

Лиле се гордееше со шалчето. Тоа беше најубавиот роденденски подарок.

16

ТАТКОВАТА КУЌА

Кога се врати од одмор во Македонија во градот Келн, Гордана ги повика своите другарки кај неа дома. Девојчињата беа Германчиња со кои таа се дружеше и учеше. Тие се радуваа што таа им се врати. Долго си прикажуваа за одморот, каде биле, како го поминале. Беа весели и се смееја.

Гордана го отвори албумот и почна да им ги покажува фотографиите од летниот одмор. Девојчињата ги разгледуваа и не можеа да се изначудат. На нив се гледаа зелени ливади со разнобојни цвеќиња, потоа шуми и води, бистри поточиња и падинки, со еден збор – непрегледна убавина.

Девојчињата само воздивнуваа и се восхитуваа на сето што го гледаа. Тие ја прашуваа:

– Зар има вакви убавини кај вас?

– Има, се разбира дека има! – гордо им одговараше Гордана. – Зар не ви кажуваат за тоа фотографиите?

– Зар имате толку многу сонце? – продолжуваа да прашуваа тие.

– Има. Нашата земја има многу сонце. Има добри луѓе. Има чисто небо.... Еве, погледнете ја куќата на тато – со восхит им раскажуваше девојчето. – Таа е во зеленило, во цвеќиња. Има и изворче. О, колку е чисто, колку убава вода тече од него...

Девојчињата долго се одушевуваа и плескаа со рацете:

– Прекрасна е вашата земја! Вашата земја е како градина...

А кога си отидоа, Гордана се натажи. Посака веднаш да се врати во татковината, во најубавата земја на светот. Во прекрасната таткова куќа со бистрото изворче...

РУЖИ ЗА ТЕТКА МАГДАЛЕНА

Гордана израсна кај тетка си во Скопје. Со неа помина многу убави и пријатни денови. Во сè се разбираа...

Еден ден, кога требаше да се пресели кај родителите во странство, двете се расплакаа. Се прегрнаа и долго не можеа да се разделат. Но и покрај сè, нејзиното заминување беше неминовно. Сепак, солзите не помогнаа за да останат заедно.

По разделбата тетка ѝ Магдалена не знаеше што да прави. Куќата ѝ беше празна. Ништо не ѝ беше мило. Низ солзи велеше дека ѝ го однесле најмилото и најубаво цвеќе. Одеше кај соседите, ќе се расплачеше и си ја тешеше душата.

Но и на Гордана не ѝ беше лесно. И нејзе ѝ навираа солзи. Иако запозна нови пријатели, сепак, тагата за тетка ѝ, не ја напушти.

Наближуваше Осми март. Гордана за мајка си купи букет со свежи цвеќиња, топло ја бакна и ѝ ги подари. Потоа седна на столчето и нацрта црвени ружи. Кога ги виде мајка ѝ, одушевено ѝ рече:

– Прекрасни се! Досега не сум видела поубави ружи!

– Овие се за тета Магдалена, мамо! Ќе ѝ ги испратам по пошта и ќе ѝ го честитам празникот.

Тој ден црвените ружи веќе патуваа кај тетка ѝ Магдалена. Можеби веќе ги има и добиено!?

Којзнае колку ќе им се изнарадува. И ќе им се изнаплаче. Таква е тетка ѝ Магдалена. Секогаш си приплакува за да ѝ биде полесно на душата.

ДРУГАРИ

Томе и Франц беа другари. Израснаа во иста зграда и во ист ден тргнаа на училиште. Наставничката ја забележа нивната блискост и ги стави во иста клупа.

И во училиштето го продолжија другарувањето. Во одделението служеа за пример како треба да се другарува и да не се прави разлика кој од каде дошол. Ова особено беше важно за децата од странство, зашто тие беа помалку и посрамежливи.

Томе и Франц и не знаеја што е тоа странец. Не чувствуваа такво нешто меѓу себе. А како можеа кога од пелени беа заедно?

Најпосле, другарувањето мегу нив не остана незабележано. Во нивното училиште постоеше традиција и се применуваше акција за пријателство меѓу германските и странските деца. Неа ја практикуваа и другите училишта и таа се покажа како многу практична и полезна.

Дури и директорот на училиштето дозна за другарувањето на Томе и Франц. И се гордееше со нив. Во седмицата кога се одвиваше акцијата за пријателство, двајцата другари ги истакна како најубав пример на другарување. И јавно, пред сите, ги пофали:

– Вакви другари сакам да бидете! Како Томе и Франц!

Кога дојде времето за приредбата и наставниците не ги заборавија двајцата верни другари. Ги пофалија пред родителите и им дадоа можност и да рецитираат. И двајцата беа испратени со аплаузи, а згора и наградени со по неколку книги.

– Децата не познаваат и не признаваат граници – се одушевуваше директорот на училиштето. – За нив не постои

ништо поубаво од другарството. Само така нема да се биде осамен.

Како другарството на Томе и Франц.

ВЕЛОСИПЕДОТ НА РОЛФ

Зад зградите имаше зелена и тревната ливада. Васко ја знаеше, но никогаш не одеше таму. И кога му беа слободни родителите, никогаш не го одведоа кон зелената ливада.

Еднаш отиде кај неговиот другар Ролф да го викне да си поиграат. Васко знаеше дека Ролф има нов велосипед и многу сакаше и самиот да научи да се вози. А и сега си мислеше дека неговиот другар ќе дојде со велосипедот. И не се излажа. Ролф се појави со него и му рече да одат кај ливадата и заедно да се возат.

– Ролф, ти си прекрасен другар! – му рече Васко.

– Посакувам и твоите родителите да ти купат велосипед и заедно да се возиме – му одврати тој.

– И јас би сакал.

– А еден ден и двајцата да тргнеме со велосипедите и да ја посетиме твојата татковината, Васко.

– И јас сонувам за тоа – си призна Васко.

– А јас сакам да се уверам дали е таму толку убаво како што ми раскажуваш.

Можеби поради оваа желба, Ролф со сета љубов почна да го учи да вози на својот велосипед.

По дваесетина круга, Васко се ослободи од стравот и му рече:

– Ролф, малку придржи ме, а потоа остави ме сам. Ќе се обидам... А и ако паднам не е страшно!

Ролф малку го придржа, а Васко потоа продолжи да вози сам. По патеката имаше ниска џбунеста шумичка. Тој не успеа докрај да се задржи на велосипедот и се најде во еден џбун. Од џбунот исплашено се разбегаа неколку

зајачиња. Дотрча и Ролф кој сè уште се смееше. Но, кога го виде предното тркало искривено, смеата му запре. Дури тогаш и Васко се подисплаши и помисли дека Ролф ќе ја истури сета лутина врз него. Но, наместо тоа, тој му рече:

– Ајде да си одиме дома, доцна е. Тато ќе го поправи тркалото и утре пак ќе се возиме. Кога убаво ќе научиш, ќе возиме до твојот роден крај. Ми ветуваш ли? – праша.

Васко одвај се созеде од срамот и му рече:

– Ќе одиме, Ролф! Ти ветувам дека ќе одиме на велосипеди!

Двајцата другари, како ништо да не се случило, се враќаат дома. На Васко полека му помина и стравот и срамот.

Единствено зајачињата, сè уште се плашеа да се вратат во топлото легло.

ИЗГУБЕНИТЕ РАКАВИЦИ

Во Келн се одржуваше голем карневал. Луѓето беа облечени во карневалска облека и се натпреварувааја кој посмешно ќе изгледа за да го привлече вниманието врз себе. Тие беа измешани и не се познаваа меѓу себе.

По улиците течеа групи маскирани луѓе со понекој инструмент во рацете и се слеваа во големата заедничка река. Сите беа карневалски расположени. Дури и оние коишто беа излегле на улиците да бидат посматрачи од тротоарите. Карневалската атмосфера како да беше преселена и на небото каде што лебдеа разнобојни балони. Целиот Келн, кој татнеше од гласните инструменти, како да беше претворен во музика.

Кога започна главната поворка, Христо со своите другари почна да собира бонбончиња, карамели, чоколадчиња, ситни играчки и сè друго што расфрлаа чичковците од возилата. За да не му пречат, ги извади ракавиците од рацете и невнимателно ги пикна во џебовите. Потоа сиот се предаде на собирањето. Почна да ги полни ќесињата и да се радува.

Доцна вечерта, задоволен се врати дома со полните ќесиња. Во ушите долго му одѕвонуваа гласните извици од карневалот. Изморен, но и среќен, цврсто заспа.

Утредента, на пат за в училиште, се сети на ракавиците. Ги побара во џебовите – ги немаше. Забуричка во чантата – и таму ги немаше. Му стана јасно дека ги загубил.

Таа вечер некој ги прибра ракавиците како карневалски подарок.

Христо повеќе и не помисли на нив. Тие не беа изгубени, туку подарени, како што беа чоколадите и бонбоните.

Ја пикна раката во џебовите, загреби од бонбончињата и почна слатко да ги рупка.

Му стана мило што некој ќе се радува и со неговите ракавици.

МАЛИОТ РИБОЛОВЕЦ

Предраг многу сакаше да лови риби, и покрај тоа што тој немаше вистински прибор за ловење. Но, со јадицата што сам ја направи, одеше на реката и се обидуваше да улови некоја риба. А речиси никогаш немаше среќа и секогаш се враќаше празен и натажен...

Еден ден, среќата, сепак, се сврте на неговата страна. Со својата примитивна јадица, тој улови неколку големи риби, а згора на тоа уште и повеќе помали. Тогаш на радоста ѝ немаше крај. Тргна за дома и цврсто реши некоја од покрупните да ја продаде на пазарчето и да си купи вистински прибор за ловење риба.

Така и направи. Со парите што ги доби за рибите, влезе во продавницата во којашто се продаваше прибор за ловење риби. Одбра еден од стаповите, пазари и повеќе разновидни јадици, а кога дојде време да плати, забележа дека заработените пари не му се доволни за да ја покријат цената. Очите му се навлажија и на продавачот одвај му рече:

– Чичко, можам ли да доплатам со рибиве?

– Не! – му рече продавачот. – Рибите ќе си ги однесеш дома, а јас, еве ти ги давам по намалена цена.

Детето збунето и со неверување гледаше во него.

– Гледам дека со голема љубов приоѓаш кон риболовот и затоа ти попуштам – продолжи тој. – Наврати и другпат, од мене секогаш ќе бидеш услужен.

Предраг се заблагодари и како стрела излета со приборот и со рибите, упатувајќи се кон паркчето каде што често си играше со другарите. Кога ги најде, веднаш им се пофали:

– А јас, со мојата јадица уловив толку риби што со парите си купив и прибор! Еве, и за дома ми останаа, гледајте!

Меѓу децата беше и малото Германче Карл, кое му рече:

– На Рајна не смееш на секое место да ловиш риба, забрането е.

– Зошто? – праша Предраг.

– Тоа ќе ти го објаснат рибарите. Мојот татко лови риба, но не на Рајна.

– А јас, Карл, летоска со другарите ловев риба на нашиот Вардар и никој ништо не ми рече. Кај нас не е забрането да се лови риба...

Карл го покани, а Предраг прифати да отидат кај татка му за да му објасни зошто е забрането на Рајна да се лови риба.

Татко му, пак, кога го виде малиот риболовец со уловените риби, се израдува и му честита. Тој му објасни сè што треба и како треба, а тоа значеше дека малиот Карл имаше право. Затоа Предраг му рече:

– Карл, те канам на ручек на риба и, те молам, немој да ме одбиеш. Ти го заслужи ручекот со тоа што ме предупреди, а јас тоа го почитувам.

Карл со задоволство ја прифати поканата, а неговиот татко на разделба со другарот на својот син, му рече:

– А јас, Предраг, те молам отсега натаму да доаѓаш да ловиме заедно!

Се разбира, Предраг ја прифати со задоволство поканата и со Карл заминаа мајка му да им ги подготви за ручек првите уловени риби.

РАДОСТА НА ДАРКО

На железничката станица во Келн врволица од луѓе. Вриеше како кошница со пчели. Од повеќе транзистори, одекнуваше нашата позната песна. Многумина нашинци, собрани во групи, разговараа и се смееја, пееја и ја искажуваа среќата што се враќаат дома.

Тој ден, можеби најсреќен беше малечкиот Дарко. Стоеше крај мајка му со која требаше да патува за Македонија и се топеше од радост. А имаше и зошто да се радува. Првпат патуваше со „Балкан експрес“, возот за кој толку имаше слушано, а никогаш не се беше качил во него. Се загледуваше кон наредените колосеци и очекуваше да го постават возот и да си го побара местото за да седне.

Најпосле, пристигна и возот. Многу луѓе, натоварени, потрчаа кон вагоните. Дарко ја зграпчи за рака мајка си и за кусо време се најдоа на означените седишта. Внатре беше пријатно и чисто. Патниците си ги заседоа своите места. Некои се појавија на прозорците, а некои седејќи почнаа да отпоздравуваат со рацете.

Дарко сиот исполнет со возбуда, се загледуваше час во возот, час во луѓето коишто патуваа и на лицата им ја откриваше среќата што се враќаа во родниот крај, кај своите.

Долгото и напорното патување, многумина ги исцрпи и тие полека испозаспаа на седиштата.

– Треба и ти да заспиеш – му рече мајката.

– Не ми се спие, мамо.

– Долг е патот, сине.

– Знам, но јас сакам сè да видам... Немој да се грижиш...

– Како сакаш, но... добро ќе биде да се одмориме.

Заспа и мајка му на Дарко. Но само тој остана буден.

А како можеше да заспие кога првпат патуваше со прочуениот воз? Радоста му беше преголема и тој не само што не можеше да заспие, туку мислеше колку би било убаво кога патувањето не би имало крај, кога би патувал, би патувал бесконечно...

КОПНЕЖИТЕ НА МАРЈАНЧО

Марјанчо заедно со родителите се најде во Швајцарија. Беше есен кога стигнаа таму и можеби затоа отпрво му изгледаше како црна шума на која не ѝ се гледа крајот. Од студениот есенски дожд, таа изгледаше уште помрачна и потешка. Непознатите луѓе и чудниот говор, само му ја дополнуваа оваа слика на која тешко можеше да се привикне.

Често седеше замислен и тажен, зашто беше одвоен од родниот крај. Си мислеше на прекрасните предели, на утрата кога го будеа птиците, на цвеќињата, на сонцето што му ѕиркаше во собата, на своите другари...

Често му навираа и солзи. Плачеше и во сонот, липаше... Кога ќе се разбудеше, правеше некаква споредба на сето она што му беше на дофат со она од родниот крај. И секогаш сè исто: родниот крај му беше и поубав и помил. Можеби затоа толку и копнееше за него.

Во Швајцарија го запишаа во училиште. Се запозна и со нови другари и почна да го учи туѓиот јазик. Отпрво му беше тешко, но затоа со нивна помош, тој успеа да ги научи основните зборови. А потоа сè му одеше полесно. За чудо, туѓиот јазик бргу го научи, и тоа како!

Во туѓата земја, бистриот Марјанчо стана одличен ученик и со него се гордееја и неговите родители. На многу другарчиња – нашинчиња, кои порано беа дојдени, тој им послужи за пример.

Годините си минуваа, а копнежите кон татковината, сепак, никогаш не згаснаа. Сите соништа му почнуваа и му завршуваа со родниот крај.

И, најпосле копнежите, еден ден, му станаа стварност. Марјанчо се врати во татковината, а на неговата среќа ѝ немаше крај.

Сега и сонот му е каде-каде поспокоен.
Во татковината најубаво се сонува.

24
ТАГАТА НА БАБА СТОЈАНКА

Баба Стојанка е една од ретките осамени старици во селото. Често оди на чешмата со стомниња̀та да си налее студена вода и да си поразговара со друшките. Душата ѝ е полна со јад. Страдна е за разговор. Се лути што се отселија луѓето и што заминаа на печалба.

– Порано селово не знаеше за гурбети. Сите беа овде. И убаво се живееше. Сиромашки, ама убаво. Но, за тие пусти пари, луѓето го напуштија. Некои отидоа во Австралија, во Франција, во Америка, во Канада, во Германија, секој со својата среќа. А јас, стара и немоќна, каде да одам? – вели со насолзени очи баба Стојанка.

Другите жени молчат. Не знаат што да ѝ кажат, како да ја утешат.

– Ланилето, неколкумина се вратија и работеа во полето. Ги изораа нивите и ги посеаја. Ги обновија чешмите во селото. Заличеа и нивите, селото заличе со луѓе! Белким сите еден ден ќе ни се вратат! – додава друга баба и како да верува во тоа.

Тагата од лицето на баба Стојанка полека се брише. По набрчканото чело и по образите се разлева блага насмевка.

– Само уште еднаш да ги видам луѓето заедно собрани како му го враќаат животот на селото, својот не го жалам. Тој час нека умрам, не ќе ми биде жал...

Баба Стојанка ги плакне стомните. Ги замива и клучевите на низата. Тие се од празните куќи. Ѝ ги оставиле луѓето понекогаш да ги отклучува. Но, нејзе во празна куќа не ѝ се влегува. Клучевите ѝ се товар од кој сака да се ослободи...

Еден ден можеби ќе ѝ се исполни желбата. Можеби ќе се вратат на своите стари огништа.

А дотогаш тагата никој не ќе ѝ ја избрише.

СТРАНЕЦ

Луѓето коишто минуваа по улицата зборуваа на непознат јазик.

Продавачката во продавницата ништо не ја разбра кога нешто го праша.

И во училиштето децата зборуваа на непознат јазик. Единствено само во играта беа исти како Коле.

Можеби затоа тој беше тажен и постојано осамен. И тагуваше за родниот крај и за другарите.

Тоа го знаеја и мајка му и татко му кои беа зафатени со работа, но не можеа да му помогнат.

Еден ден го одведоа на една заедничка приредба. Во Келн странците имаа организирана средба за зближување меѓу себе. Иако децата што беа околу него зборуваа на повеќе јазици, сите тие му беа блиски. А и тие имаа иста мака како Коле. И тие се чувствуваа како странци.

Коле за миг се пресели во татковината. Ги слушна звуците од песната, од свирката и му дојде да запее, да заигра со возрасните...

Но, колку повеќе одминуваше времето, детето толку повеќе се зближуваше со новите другарчиња. Од неговата глава се избриша зборот странец. Коле стана близок со повеќе другарчиња и разбра дека секаде на светот децата се исти. И само тие не прифаќаат граници. За нив не постои зборот странец.

Сега нему му е полесно кога оди и по улицата. И кога влегува во продавницата. Тој не е веќе странец.

Коле веќе го научи јазикот и има добри другари кои посакува да ги прошета и по родниот крај. Тој научи светот да го разбира и без зборот странец. И уште како голема цветна ливада која им припаѓа на сите деца од светот.

216

ФОТОГРАФИЈА ЗА НАСТАВНИКОТ

Измина долго време откако Диме со родителите дојде во Германија. Во новото училиште тој се запозна со нови другари и ги засака, зашто и тие го прифатија.

Сепак, постојано тагуваше за родниот крај, за старите другари и за својот наставник.

Неколку дена Диме е тажен. Седи дома, превртува низ учебниците и му доаѓа да се расплаче.

– Нешто не си весел, Диме? – го праша мајка му. – Што те мачи?

– Сонцето, мамо! – ѝ вели тој низ солзи.

– Кое сонце, сине? – прашува збунето мајка му.

– Тоа што го нема, мамо. Тука постојано врне, а јас сакам сонце!

– Не можам да те разберам... – мајката прашално гледа во него. – Туку, зошто токму сега толку ти е потребно сонцето?

– За да се фотографирам, мамо. Ни рекоа дека ќе ни направат заедничка фотографија, а јас сакам да има сонце, за да биде таа светла. Една сакам да му испратам на мојот наставник. Знаеш, мамо, јас никогаш нема да го заборавам. И другарите, исто така.

Мајка му се насмеа и за да му ја истера грижата, му рече:

– За тоа не треба да бидеш тажен. Добрите мајстори и без сонце ќе направат убави фотографии. Ќе видиш.

И се случи токму така. Фотографот ги наслика групно децата во затворена просторија во која светилките блескотеа како сонце. Диме се израдува и слатко се насмеа. Насмевката му остана засекогаш и на фотографијата.

Тој си го одржа зборот. На наставникот му испрати фотографија. Но, тој не знае за тагата на Диме. Тагата воопшто не се забележува на фотографијата.

ЦВЕТ ВО ВАЗА

Соња заедено со родителите се врати од Париз. Таму беа на печалба подолго време, но ете поради нејзиното школување, тие се вратија дома. На тргнување, изнакупуваа многу вредни подароци за роднините и за пријателите, а Соња си купи и една убава ваза на која беше насликана Ајфеловата кула.

Кога стасаа во Скопје, вазата ја намести на полицата и во неа стави само еден цвет. Но, тоа никој не го забележа, зашто имаа многу поважни работи. Работеа на средувањето на станот и запишувањето на Соња во прво одделение.

Дури кога дојдоа кај Соња новите другарки со кои требаше да оди на училиште, едно од девојчињата ја забележа вазата и рече:

– Прекрасна е! Каде ја купи, Соња?

– Во Париз, пред тргнување. Ми се допадна поради Ајфеловата кула. Сакам да ме потсетува на годините што таму ги минав...

Едно друго девојче, малку се замисли и рече:

– Вазата е навистина убава, но зошто во неа има само едно цвеќе и тоа суво?

Дури тогаш се замеша и мајка ѝ на Соња:

– А ние зафатени со друга работа, заборавивме на вазата и на цвеќето. Бездруго, убавата ваза заслужува и убаво цвеќе!

На тоа се спротивстави Соња:

– Не, мамо, таа не е заборавена. Намерно го ставив сувото цвеќе кое никогаш не свенува. Секоја година ќе ставам по едно суво цвеќе и тоа кога ќе го завршам одделението.

– Зошто? – се зачудија девојчињата.

– Е, зошто! Кога ќе завршам, тогаш во неа ќе стојат убави свежи цвеќиња. Ќе имам повеќе време за нив! Затоа! – им одговори Соња.

Девојчињата со насмевка ја проследија намерата на Соња. Најпосле сите беа задоволни.

ЦРЕШНАТА

Живко беше вредно момче. Од сите момчиња во селото единствено тој знаеше да калеми овошки. Пред да замине на печалба во Австралија, на самиот ден на тргнување, во дворот ни ја калеми и нашата црешна.

Кога пристигна писмо од Австралија, во него стоеше и прашањето дали се фатиле калемите на црешната. Ние му вративме одговор дека калемите се веќе зелени. Тој пак ни се јави, а во своето писмо ни ја искажа сета своја радост.

Оттогаш поминаа години. Црешната порасна во убаво дрво со широки гранки и почна да дава род. Ние му јавивме и за првите цреши. А и за убавините во селото во тоа време од годината. Тој за нив копнееше и често прашуваше.

Но, иако му ги разгорувавме желбите за родниот крај, Живко се оженил со тамошна девојка, а тоа значеше дека не мисли веќе да се враќа назад. Ни беше жал поради тоа, но му посакувавме среќа, многу среќа.

Врската преку писмата никогаш не се прекина. Од него дознавме дека му се родило прво, а потоа и второ дете. Тие растеле и ги слушале кажувањата за родниот крај, за калемењето, за убавото Охридско Езеро. И почнале и сами да копнеат за татковиот роден крај.

Еден ден, сосем неочекувано, Живко се врати со семејството во селото. Откако се испоздрави со роднините, дотрча и кај нашата куќа. И долго не можеше да ги оттргне очите од големата црешна. Седна под нејзината сенка и присеќавајќи се на својата младост, солзи му потекоа од очите. Одушевено им раскажуваше на децата за своето детство, а тие веќе сè знаеја. Како да беа тука израснати.

– На Австралија повеќе и не помислувам – рече.

И децата како да ја сфаќаа неговата желба, а родниот крај на татко им го прифатија како свој. И тие посакуваа да ги научи да калемат и да живеат во оваа убава земја.

БРЗО ПРИЈАТЕЛСТВО

Во училницата влезе црномурно момче. Германчињата веднаш почнаа да шепотат: странец, од Македонија, од југот крај некое езеро, како што беше им објаснила учителката. Седна на клупата до Клаус кој се загледа во него и набргу откри дека момчето е добровоспитано, па некако му стана мило. Веднаш му се претстави:

– Јас сум Клаус! – му рече на германски и му ја подаде раката.

– А јас, Бранко! – му одговори со насмевка.

Потоа учителката на сите им го претстави новиот ученик и го продолжи часот. Бранко ништо не разбра. Тој ден, единствено што разбра беше поканата од Клаус да играат заедно топка. Клаус го одбра и својот другар Рудолф.

– Не грижи се, иако играш слабо, ќе ги победиме! – го охрабри тој срамежливиот Бранко. – Ти ветувам. Ќе видиш како ние играме фудбал...

Но, кога го видоа како игра и Бранко, се вчудовидоа. Тој не знаеше да зборува на нивниот јазик, но знаеше да дава голови. Никој не му беше рамен. И поради тие голови, веднаш сите го засакаа.

А и тој сите ги засака. Сепак, најмногу ја почитуваше раката од Клаус. Тој прв го прифати и му остана верен другар.

Кога ќе научи и да зборува германски, тие двајца ќе бидат уште подобри другари.

Времето минуваше. Бранко секој ден беше сè подобар и подобар. И брзо го учеше јазикот. Во одделението беше мегу најдобрите ученици. А со Клаус постојано беа заедно. И продолжуваа да играат фудбал и да даваат голови.

– Ќе видите што ќе стане од нив – велеа другите. – Не само што ќе бидат фудбалски ѕвезди, туку се и одлични ученици!

30
НА ГОСТИ

Занесен во играта со компјутерот, Владо не забележа кога во собата влезе мајка му.

– Облечи се, ќе одиме на гости! – му рече таа.

– Каде? – незаинтересирано ја праша Владо и продолжи да си игра со компјутерот.

– Кај една моја пријателка! – му одврати мајката и пак побара да побрза со облекувањето.

– Мамо, не ми се оди на гости. Те молам, остави ме. Ќе одам и на потстрижување. Тато ме предупреди дека никаде не треба да одам вака непотстрижен...

– Добро – попушти мајка му. – Ќе одам сама, но гледај барем нешто да сработиш. Веројатно имаш и за учење.

И, верувајќи дека Владо ќе остане дома, таа замина на гости, а со себе не ги понесе клучевите од станот.

Само што замина, зазвони телефонот. Му се јавија другарите на Владо и го поканија да си поиграат во паркот. Тој брзо истрча кај нив и сиот ѝ се предаде на играта...

Мајка му се врати од гости. Дома ја најде вратата заклучена. Се симна пак на приземјето и почна наоколу да го бара својот син. Не него го немаше.

Најпосле го најде во паркот кај си игра. Ништо не му рече пред другарите. А тој, чувствувајќи ја вината, тргна со молчење по неа.

– Не сакаше да дојдеш на гости, а за игра имаш време! – му рече патем малку подналутено.

Кога виде дека не одат дома, Владо ја праша:

– Мамо, каде одиме?

– На бербер! Како што рекол татко ти, треба да се потстрижеш. За казна ќе те острижам до гола кожа! – му се закани.

Но, кај берберот таа попушти. Го постриже пристојно, а тој ѝ вети дека другпат ќе оди на гости со неа.

31
СИНОЛИЧКАТА ПАК ЌЕ ЦВЕТА

Во семејството на малата Ангелина сите го сакаа цвеќето. Во нивниот дом имаше разновидни цвеќиња. Од нив постојано се шириеше пријатен мирис. Малата цветна градина сите ја подновуваа. Сакаа да им биде убава.

Во куќата секој си имаше свое цвеќе. Таткото со гордост зборуваше за цикламите. За нив велеше дека се кралици на цвеќињата.

Мајката, пак, им се восхитуваше на синоличките. Ги имаше во повеќе бои и сите подеднакво ги сакаше. Сепак, саксијата со розовите синолички најмногу ѝ се допаѓаше. Можеби затоа што неа ја доби на десетгодишнината од нивниот брак. Оттогаш грижливо ја чуваше и ја обновуваше...

Ангелина сите цвеќиња ги сакаше подеднакво. Се радуваше кога тие цветаа и ја поздравуваа со пријатен мирис. Редовно ги полеваше со свежа вода.

Еден ден, поради невнимателност, ја турна и ја скрши саксијата со розови синолички. Но, набргу ја собра земјата и заедно со парчињата од саксијата ја исфрли во кантата за отпадоци.

Кога дојде мајка ѝ веднаш забележа дека ја нема саксијата со розовите синолички. Нејзиното око застана на празното место.

– Што се случи, Ангелина? – ја праша својата ќерка.

– Мамо... Јас, навистина не сакав, но... – готово беше да се расплаче девојчето. – Толку ми е жал, мамо...

– Добро, се случило... – ја утеши мајката. – Ајде нешто да спасиме од она што останало.

Заедно ја пресадија синоличката во нова саксија. Потоа Ангелина, брзо ја зеде кофичката, донесе свежа вода и пак го поли пресаденото цвеќе. Се насмеа и рече:

– Сега синоличката повторно ќе цвета и ќе шири пријатен мирис во нашата куќа.

12
ВО ПАРКОТ ВО КЕЛН

Денеска е недела и сите сме дома. Мама веќе подготвила појадок. Машината за перење алишта врти, работи. Тато се избричил, се измазнил и се вратил од киоскот со весник в раце. Потоа чита и воздивнувајќи подвикнува:

– Леле, и годинава сушата во Македонија направила пустош, го преполовила родот... Вардар речиси пресушил, а рибите со раце ги ловеле...

– Ах, да сум сега и јас таму! – воздивнувам полугласно и мислам на рибите.

– А овдешново лето врнежливо и никакво. Страдаме за сонце! – се вмешува и мама во разговорот и копнее за сонцето од родните краишта.

Тато го фрла весникот и sирка низ прозорецот. Надвор сонцето какво-такво се појавило.

– Одиме на прошетка! Келн има барем добар парк! – предлага тој.

Ние само тоа како да го чекаме. Сакаме што побргу да излеземе од просторот меѓу sидовите. И сакаме што побрзо да стигнеме во паркот. Нам ни треба свежина, воздух и сонце.

А таму, во паркот, не сме сами. Врие од народ. Сите посакуваат сонце и воздух. Доста им е здодевен дожд. Тато трча по патеката и ја кани мама и таа да потрча. Мене не ми треба покана, јас трчам и без мама.

Трчам пред тато и гледам како мама се смее, а мене душата ми плаче. Сакам да сум на излет во родниот крај. Сакам да ловам риби, да се печам на сонцето...

Тато и мама се како деца. Се држат за раце и се смеат. И јас се смеам, но душата ми плаче. Сакам да сум на излет крај Вардар со моите другарчиња. Го сакам сонцето, а сакам и да ловам риби...

ЖЕЛБАТА НА ХЕЛМУТ

Мирче живее во Германија. Неговите родители таму работат. Нему најдобар пријател му е Германецот Хелмут. Тие се соседи и добри другари. Заедно играат и одат на училиште. Хелмут му помага на Мирче да го научи германскиот јазик. Цело време се заедно. Само спиењето ги дели.

Една сабота Мирче и Хелмут заедно влегоа и во училницата каде што се одржуваше наставата по македонски јазик. Другарчињата се зачудија. Се зачуди и наставникот. На овие часови доаѓаа само Македончињата.

Хелмут стана, се претстави пред сите и рече:

– Јас и Мирче сме другари и соседи. Многу убави работи ми раскажа за вашата земја. Со него сакам да одам на летување во Охрид. Сакам да го научам и вашиот јазик.

И Мирче истото му го рече на наставникот. Тој, пак, го прифати Хелмут како ученик. Го запозна и со другите деца. Хелмут се почувствува горд и среќен. Почна да изговара и некои зборови како што беа: убаво, роден крај, татковина и уште десетина други. И сите ги запамети.

Еден ден, кога ќе дојде на летување во Охрид, толку убаво ќе знае да зборува македонски, та ќе му биде лесно да се снаоѓа.

А дотогаш, ќе му помага Мирче со другарчињата. Ќе му помага и нивниот наставник.

ВО АВТОБУСОТ

Врнеше дожд, а бришачите на автобусот одвај го чистеа стаклото пред возачот кој се подготвуваше за тргнување. Патниците веќе беа седнати на своите места и преку замаглените прозорци се обидуваа да им отпоздрават на тие што ги испраќаа.

– Тука ли се сите патници? Тргнуваме! – рече кондукторот и вратата се затвори, а автобусот почна да се оддалечува од перонот.

Еден од патниците, му вели:

– Мајсторе, една старица со девојче мавта со раката за да застанете!

Возачот сопре, а старицата задишена и накисната со внуката влезе во автобусот и му се заблагодари. Потоа додаде:

– За малку ќе го испуштевме автобусот! Ете, гледаш ли сега зошто ти реков да тргнеме порано? – ѝ рече на внучката која од трчањето, дишеше забрзано.

Девојчето не ја слушаше. Гледаше низ прозорецот кон перонот на кој беа наредени другите автобуси. Во нејзината глава тие се редеа еден по друг, не знаејќи колку се и каде ги носат патниците. Дури кога излегоа од автобуската станица, таа ја гушна баба си и ѝ рече:

– Прости ми, бабичке, другпат нема да доцниме.

Баба ѝ ја прегрна и ѝ вети дека уште многупати ќе патуваат заедно. Таа убаво знаеше: кога се патува со другар, патувањето е попријатно, со разговор, патот се скратува и не се сеќава кога си изминал толкав пат, а веќе си пристигнал на одреденото место.

35
КОПНЕЖ

Прочитав писмо од југ. Ми пишуваат од Струга. Годинава пролетта била многу убава. На зимата веќе заборавиле. Убавицата на снеговите ѝ отстапила место на убавицата на цутовите. А што може да се мери со пролетните убавини? Сега владее мај – принцот на месеците.

Целата природа се променила во нова облека. Каков невозможен килим направиле цвеќињата од ливадите! Шарен, прешарен. А езерото – огледало. И тие се огледуваат во неговите бистри води. Таа убавина – мами и кани. Знам дека и по мене копнее, како и јас по неа.

Пак ја доживувам пролетта во Струга, пролетта во моите сакани и сонувани села. И оние распрснати работни луѓе по нивјето, насекаде низ полето. Тешко си ги замислувам веќе. Овде, затворен во улиците на северниов град, речиси никогаш неизлезен во природа, ниту, пак, в поле. Се прашувам како ли изгледа сега таа убавина таму, на југ, како ли изгледаат житата низ полињата? Можам само да ги замислам, а копнежот станува сè поголем. Тоа не се заборава. Не се забораваат стадата, малите јагненца кои од оваа далечина си ги замислувам како бели грутки снег.

Убава е Струга, прекрасни се моите македонски полиња и планини. Насекаде – убавини. Но, од нив ме разделуваат големи далечини, помислувам дека сум бескрајно далеку од родниот крај. А нема ден да не ми се роди желба, нема ден да не ме освои копнеж, нема ден да не мислам на југ, на поднебјето од каде ме довикува, силно ме довикува глас од детството. Глас кој некогаш, одамна, се внесол во мене,

нежен и развигорен, а се претворил во таинствено ехо кое во мене постојано се гласи како повик, како копнеж.

Морам да му се покорам на гласот. И да отпатувам кон родниот крај. Зашто тој глас, сум самиот јас.

16
ПАТИШТА

Над селото, на ридот, беше раскрсницата. Тука се разгрануваа четири широки врвици.

Едната водеше лево. Неа прва ја запознав, тогаш кога штотуку згазнав, а бев дете. По таа врвица квечерум се враќаа стадата овци во селото.

Врвицата што водеше десно навлегуваше во густа букова шума. Беше сета во сенка и изгледаше страшно. По таа врвица карваните коњи тргнуваа за на пазар, ден порано зашто требаше време за да се стигне до Кичево, до Гостивар, па дури и до Прилеп. До таму требаше подолго да се патува. Колку што нѐ плашеше таа врвица, толку и ни донесуваше радости, зашто само по неа можеше да се отиде таму од каде може нешто да ни се донесе и нам, на децата.

Третиот пат ми остана загатлив во детството. Тој, едноставно го продолжуваше патот од селото до раскрсницата и тегнеше право по ридот. Знаев само дека ако тргнеш по него ќе се искачиш на врвот од планината Добра Вода. Кога потпораснав, на еден сведен, со група поголеми младичи и девојки отидов на берење билје. Така требало: билјарите да донесат разно билје за да стават на софрата.

Подоцна го открив четвртиот пат. Тој водеше на врвот на планината. Од него се гледаше надалеку и нашироко, можеби целиот свет. Навистина ѝ се восхитував на глетката од планината. Кога беше убаво времето можевме да го видиме градот Кичево, потоа гостиварското поле, врвот на Марковите кули и стрмните планини кај Матка. Долу, во подножјето, беше нашето село, вгнездено меѓу тесните клисури, а мене ми заличуваше на пролетта. А во пролет сето

беше бело како да е еден цвет. Во времето кога цветаа јаболкниците, крушите, црешите и сливите.

Тогаш ли, на тие искачувања на врвот од планината беа и моите први патувања со желбите што ме водеа низ светот? Тогаш, кога љубопитните очи тонеа длабоко во далечината, можеби ме снајде и наречението, та еден ден судбата ме однесе на многу подалечен пат во туѓина. Дури овде се најдов на крстосници, пред лепези од патишта кои водеа џенем. Тие детската среќа ми ја разнесоа низ далечините. Како да беа порои кои можат да ги наполнат со вода сите океани на земјава.

Но, и сега, кога поминав многу земји и патишта, помислувам дека од оној врв на планината, сепак, можев да го видам целиот свет.

ПАТУВАЊЕ ВО РОДНИОТ КРАЈ

На Горан тоа му беше второ патување. При првото патување, барем за него, имаше многу загатки. Тоа и не му даваше да ѝ се радува на посетата на родното село на неговите родители и на средбата со некакви непознати баба и дедо. Тогаш тоа никако не можеше да си го претстави, што всушност би требало да бидат „оние баба и дедо“? Знаеше дека се тоа стари луѓе. Но, стари луѓе среќаваше и во неговиот роден град. И нив ги викаше баби и дедовци, но кон нив не чувствуваше блискост, топлина или радост. А неговите родители кога зборуваа за бабата и за дедото во селото, тоа го правеа со толку љубов, со толку приврзаност.

Сега беше поинаку. Минатиот пат Горан толку многу се привикна на постојаната близина на својата баба, што ја чувствуваше секогаш околу себе. Толку многу му се сакаше навечер, кога сите беа наседнати во тремот, да се смести во дедовиот скут и да го слуша неговото раскажување. Отпрвин многу зборови му беа малку познати, но полека привикна, па сè повеќе и повеќе прашуваше.

Му беше убаво минатото лето и затоа сега со нескриена радост ја очекуваше повторната средба со бабата и дедото. И не само со нив, туку и со другарите што ги запозна таму. Незаборавни беа убавините на селото и неговата живописна околина. Не можеше да ги заборави нивите, градините, овоштарниците, потокот којшто брзо го сечеше долниот крај на селото. А и планината, тивка и таинствена, во чие подножје беше сместено селото. Колку само се разликуваше од неговиот роден град. Толку многу навикна на селото што потоа му беше навистина тешко повторно да се привик-

нува на големата врева. Во тој град се роди и порасна, но чувствуваше дека му остана туѓ.

Туѓ беше и за него и за неговите родители, кои тука беа на времена работа. Тие немаа свои меѓу градските луѓе, а ни Горан не можеше да се пофали дека во градот имаше повеќе другари, отколку што минатата година запозна и се здружи во родното село на неговите.

Постојаното копнеење по далечното село, во Горана создаваше незаменливи бранувања на топло сонце и на тивко ветре. Уште и на постојано гргорливо бучење на брзиот поток, кој како да му беше лулка на соништата. При самата помисла на родното село на своите родители во устата чувствуваше исполнетост на вкус на јаболка, кои руменееја на летното сонце во дворот, а и мирисот на крушите, кои жолтееја во долниот крај на дедовата градина.

На тоа размислуваше Горан за време на своето второ патување кон родниот крај на своите родители.

– Кога ли ќе стигнеме? – праша детето.

– Има време, ќе стигнеме... – му одврати таткото.

– Не треба да се брза... – смирена беше мајката.

– Станувам веќе нестрплив! – си призна Горан.

– И јас би сакал уште истиов час да стигнеме, но... Немаме крилја за да летнеме... – се бранеше таткото.

– А тебе, сине, најдобро ќе ти биде малку да си прилегнеш – му рече мајката. – Така побрзо ќе ти помине времето.

Потоа пак настана молк.

Неговите родители за време на долгиот пат со автомобилот сè како да си рекоа, па замолкнаа. Се слушаше само тивка музика од касетофонот вграден десно од седиштето на татко му. Пријатното возење и музиката како да го залулкаа и Горан, па патем тој заспа.

Граничните премини беа одамна поминати. Затоа и немаше причини за чести запирања.

Колку повеќе му се доближуваа на родното село, толку желбата беше посилна што побргу да пристигнат. Затоа таткото и ја зголемуваше брзината, а задреманиот Горан сето тоа не го чувствуваше. Сега и сонот му беше исполнет со оние претстави кои и буден ги сонуваше. Само двапати се потргна од дремката, за да праша дали пристигнале или не, и продолжуваше да спие.

Сонцето одамна беше зајдено зад планините. Над патот се спушташе темнината. Силните фарови позлатуваа големи пространства – пат и брегови. Горан не сети кога автомобиот го напушти асфалтот и автомобилот почна да потскокнува по нерамнините на макадамот.

Се разбуди дури кога автомобилот запре. Беше веќе ноќ. Погледна напред, па лево и десно од себе. Не му требаше веќе да размислува каде се наоѓа: тоа беше дедовиот двор! Веднаш потоа на влезната врата ги виде баба си и дедо си! Баба му, нагрната со црн волнен шал, а дедо му со, преку рамо, преметнато гунче.

Ја отвори вратата и се стрча кон нив...

НЕДОРАЗАБИРАЊЕТО СО МАМА

Откако дојдовме во Германија, мама почна да пуши. И тато како да се измени. Тој не сакаше мама да пуши цигари. Но, тоа беше порано, кога бевме во Битола. Убаво се сеќавам кога еднаш таа запали цигара, а тој ја искара.

– А ти зошто пушиш? – му се спротивстави таа.

– Не знам ни самиот – сакаше да се оправда. – Тоа е најлошата навика од која не можам да се одвикнам.

– Ете, гледаш!? – се смееше таа. – Затоа немаш право да ми делиш совети.

– Имам! И сакам да те спасам. Мојата намера е добра.

– Знам, ама...

Но, сега бевме далеку од Битола. И сè беше поинаку. Ништо не ѝ префрлаше веќе, туку само кога почна постојано да пуши, тој ги остави цигарите.

Само ѝ рече:

– Издатокот ќе ни биде голем ако и двајцата пушиме...

Тој постојано беше некаде на работа. Сакаше колку што може повеќе да заработи и што побргу да спечалиме пари за да се вратиме во Битола. Затоа и работеше и дење и ноќе.

Еднаш, за да се покажам и јас голема, пред децата, посакав и сама да запалам цигара. Но, тукушто повлеков од неа, одеднаш ми се слоши и повратив.

Првпат тоа ми се случи. Но на мама веќе ѝ кажале дека и јас сум почнала да пушам.

Попусто ја убедував дека тоа ми било првпат и дека не ми се допаднало и дека веќе нема да пушам.

Не ми веруваше. Постојано беше на штрек. Чувствував дека сака да ме начека, да ме фати во пушење.

А јас си останав упорна во ветувањето. Децата ми се смееја, но повеќе не зедов цигара в раце. Толку ми беше непријатно што мама не ми веруваше. Нејзините цигари не ги ни допирав. Каде ќе ги оставеше, таму и ги наоѓаше.

Но, еднаш за малку што не се скаравме со мама.

Кога изутрината заминаа на работа заедно со тато, во дневната соба, на масичката, видов дека мама си ги заборавила цигарите. Сакав да ги преместам, но како да беа жарче... та, раката сама ми се истави од нив. Си помислив, подобро да си останат каде што се.

Доцна попладнето кога мама се врати од работа, за да ја слушнам и јас, нагласено рече:

– Види каде сум ги заборавила цигарите... Ја испретурив чантата за да ги најдам...

Ја знаев јас таа итрина. Немаше зошто толку да се изненадува, та не ѝ беше првпат! Само си се насмевнав во себе.

Но, одеднаш мама почна да вика. Ме обвинуваше дека потајно пак сум пушела. Жестоко се бранев од неправедното обвинување, но не можев да се одбранам.

Тогаш таа призна:

– Намерно ја оставив кутијата. А ги пребројав цигарите. И не беше тешко да се запомнат. Имаше уште пет, а сега се само четири... Лажливка стануваш, мила моја!

Почнав да плачам, силно и неутешно. Во таков час не затекна тато.

– Ајде, прекинете ја расправијата – се налути тој. – Денес кај нас сврати Панде. Тој си запали од твоите цигари...

Мама прво мислеше дека тато сака да ме одбрани, па почна нему да му се лути.

Расправијата, ту спласнуваше, ту се засилуваше. Сè до вечерата, кога кај нас пак дојде чичко Панде.

Мама веднаш побрза да дознае дали навраќал тој ден кај нас и дали запалил од нејзините цигари?

– Каква е оваа истрага? – праша чичко Панде. – За една цигара да ме обвинуваш?

Мама си ја прегриза усната. Потоа стана, забуричка во чантата, ја извлече кутијата цигари, ја зеде и таа од масичката и ги фрли во ќумбето.

– А ти имаш ли? – го праша чичко Панде.

– Повели – ѝ подаде тој кутија цигари, мислејќи дека зажалила што ги фрлила своите цигари и сака да запали. Но, на изненадување од сите, мама и неговата кутија ја фрли во печката.

– Поради пустиве цигари ќе се скарав со ќерка ми. Прости ми, мила моја! Во оваа куќа веќе нема да се пуши! – строго нареди и цврсто ме прегрна.

И верувам дека така секогаш ќе биде така. Јас сум на својата мајка. Имаме силен карактер...

СОНОТ НА БИЛЈАНА

Јули е. Билјана е на гости кај мајка си во градот Келн. Кога дојдоа со таткото да работат во овој град, таа и брат ѝ Миле останаа во Скопје, кај дедо им и баба им. Тогаш веќе требаше да заодат во училиште, а нивните родители сакаа децата да им учат на македонски. А откако татко им загина во несреќен случај на работа, мајката остана и понатаму да работи во оваа далечна земја.

И еве ова лето, мајка им посака децата да ѝ дојдат наместо таа да оди кај нив за да го поминат заедно летото. Брат ѝ беше поголем и веќе се договорил за заеднички одмор со своите другари. Затоа само Билјана ѝ дојде на гости на својата мајка.

Леле, колку се радуваше, пред да тргне што ќе оди на гости кај својата мајка. Не се плашеше и сама што ќе се вози на толку долг пат. А во возот беше речиси постојано будна, а кондуктерите си имаа мака постојано да внимаваат на неа.

Но, откако е овде, не виде сонце на небото. Тоа беше покриено со облаци. Секое утро кога ќе станеше погледнуваше од прозорецот, со надеж дека најпосле ќе ја огрее и сонцето. Но, залудно. Него го немаше.

– Какво ли е ова лето?! – прекоруваше Билјана.

А мајка ѝ, како сама да беше виновна за ваквото време, велеше:

– Така е овде, мила моја. Нема сонце како кај нас.

Речиси секое утро, девојчето сонливо ќе скокнеше од креветот.

– Да не сум се успала!? – во полусон прашуваше.

Така беше откако дојде кај мајка си. А мајка ја смирувашe:

– Каде сакаш да одиш, Билјана?

Таа сфаќаше дека само сонувала, ќе се поднаместеше во креветот и повторно заспиваше.

Откако е овде само разгледува по излозите, понекогаш ќе прошетаат низ паркот и нејзе ѝ останува многу време само за спиење.

Едно утро пак се сепна во сонот.

– Сонував, мамо, дека сум дома, во Скопје, дека е неделa, дека времето е убаво, а со Миле требаше да одиме на излет на Водно.

Мајка ѝ молчи. Ја сфаќа желбата на својата ќерка.

Билјана погледнува од креветот без да се доближи до прозорецот и знае што ќе види: иако е утро, надвор како да се спуштил мрак! Ех, сонце! Пак ги затвора очите и сака да заспие.

Не помина долго време, туку одеднаш пак скокнува и прашува:

– Каде е Миле?

– Па, во Келн си! А како што знаеш твојот брат не сакаше да дојде кај мене! – се лути мајката.

А таа толку посакуваше и него да го види. Беше само еднаш овде кај нив, додека сè уште беше жив нејзиниот Стојан, нивниот татко. И чувствува дека веќе не сака да доаѓа овде. А знае дека и со Билјана ќе се случи истото. Затоа и мајката посакува да се прибере во Скопје, кај своите деца. Им требаат пари, но... треба и да се биде со нив. Зашто знае, тие растат и ќе пораснат, а тогаш сè ќе биде поинаку. Првиот знак е постојаниот сон на Билјана. Сон за да се биде дома, меѓу своите, под своето сонце...

40
ИМЕТО И ТАТКОВИНАТА

Две деца исти по години. Две деца на иста височина. Обете со исти оценки в училиште. И со иста облека на себе. Зар постои разлика меѓу нив? Едното беше русокосо и синооко. Другото црнокосо и црнооко. Зар постои разлика меѓу нив?

Тие едно попладне како да се скараа. Русокосото рече:

– Надвор од мојата татковина!

Црнокосото му одврати:

– Од каде само твоја татковина?

Синоокото рече:

– Јас овде сум роден!

Црноокото нему:

– И јас овде сум роден!

Русокосото:

– Јас кога бев на одмор во Македонија, таму мене децата ме нарекоа странец!

Црноокото:

– И јас бев на одмор во Македонија и мене таму децата ме нарекоа странец!

Синоокото дете внимателно го погледнува своето црнооко другарче и му вели:

– Ти не личиш на германско дете!

Црноокото веднаш му возвраќа со прашање:

– Што има врска мојот лик со мојата татковина?

Синоокото:

– Твоето име не е германско!

Црноокото:

– Каква е врската на името со татковината?

Русокосото размислува и се подготвува да изрече нешто мошне значајно:

– Ти не ја сакаш оваа татковина повеќе од мене!

Црноокото конечно се налутува:

– Тогаш ти самиот себе не си се сакаш!

Потоа и двете деца остануваат без зборови.

Ако немаат зборови, играта уште не им е доиграна. Ја имаат играта. Продолжуваат да играат, а лутината како да им поодминува.

Сепак, црнокосото дете вечерта своите родители, кои потекнуваа од Македонија, ги поставува пред мошне тешко прашање:

– Колку е моја татковината во која сум роден?

И мајката и таткото не можеа да му одговорат.

ДОБРИОТ ЖЕЛЕЗНИЧАР

Бабата и внуката со големите торби полека се искачуваа по скалите кон перонот од железничката станица. Гласот на спикерката им допре до ушите и широко се разлеа по перонот.

– Внимание, внимание! Патничкиот воз за Битола е поставен на вториот колосек. Тргнува во петнаесет часот и триесет и пет минути! Повторувам, патничкиот воз...

– Бабо, побрзај, ќе ни побегне возот! – ја прекори внуката задишената и изнемоштена баба!

Покрај нив помина еден млад железничар и ги праша:

– Каде одите?

– За Битола! – повтори внуката, зашто бабата не можеше ништо да му зборне од што беше задишена.

Тој ѝ ги зеде торбите, ја фати за рака и ја поведе по скалите. Потоа им помогна да се качат во првиот вагон и ги одведе до местата кои им беа означени на билетите. Набрзо потоа возот тргна од станицата, а бабата од прозорецот му рече на кондуктерот:

– Синко, ти благодарам за помошта! Ќе го испуштевме возот, а во Битола ќе си чекаа на станицата...

Внуката само му се насмевна и му мавна со раката. Во очите и на бабата и на внуката, во тој час немаше подобар човек од него!

ПОЖАР

Една група излетници, рано наутро се упати кон планината. Кога изгреа сонцето, тие беа блиску до врвот. Во густата шума, блиску до едно изворче, ги симнаа од себе ранците со храна и поседнаа на зелената и мека трева.

Беше пролет. Наоколу весело црцореа птиците. Им ги препознаваа песните на славејчињата, на чучулигите и ќосињата. До нив допираше и кукањето на кукавицата...

Околу пладне, кога им се пријаде, го извадија јадењето и поседнаа еден до друг да ручаат.

– Колбасите не се јадат студени! – им рече Горан. – Ќе запалам оган и ќе ги испечам!

– В шума не се пали оган! – го предупреди Томче. – Можеш да предизвикаш пожар...

И другите излетници му го потврдија тоа.

– Ќе внимавам! – им рече Горан и се наведна по сувите гранки.

Набрзо потоа ги запали и се вивна силен оган. На едно стапче ги надена колбасите и почна да ги пече. Од мрсното огнот се потсили, а низ воздухот се разлеа пријатен мирис...

А кога убаво ги испече седна до другарите и почна да јаде, сосема заборавајќи на огнот. Тој, пак, полека се прошири по сувите лисја и зеде замав. Кога го забележаа децата, исплашени викнаа:

– Пожар! Пожар!

Се растрчаа околу раширениот оган и почнаа да го гаснат, кој со гранки, кој со нозе, со грстови вода. Набргу го изгаснаа огнот. До пожар не дојде, благодарение на присебноста што ја имаа.

Тој ден Горан ја увиде својата грешка. И вети дека никогаш повеќе нема да пали оган во шумата.

МОМЧЕТО ОД ДАЛЕЧНИОТ ЈУГ

За да бидеш другар со некого треба да го почитуваш и да го сметаш рамен на себе. И тој што сакаш да ти биде другар треба да се чувствува почитуван и рамноправен. За да може таквото чувство да се развие кај него треба тоа да му го овозможиш. Особено ако тоа момче или девојче е дојдено од далеку, ако твојата земја не е негова татковина.

Така размислуваше Франц кога во нивното училиште дојде нов ученик. И порано доаѓале нови ученици, но Франц никогаш вака не размислувал, па со ниедно од нив не стана другар.

Со Борче беше поинаку. Веднаш почувствува дека со тоа црномурно момче, кое доаѓаше некаде од далечниот југ, од некое село покрај некое прекрасно езеро, ќе стане другар. Во него имаше некаква кроткост и милина која никогаш не дозволуваше да се стави под сомневање.

Не се сметаше за помалку вреден од другите деца во одделението, но и никого не сметаше за понизок од себе. Одговараше со јасни и прецизни мисли, никогаш по неговото, за негови години мошне сериозно лице, не се разлеа црвенило на срамење поради нешто недолично или недоволно знаење и умеење. Децата не сакаа да веруваат дека едно новодојдено странче може толку убаво да одговара на германски јазик. И дека може да знае колку и секој од нив, дури од некои и подобро.

Ја сакаше играта, а особено кошарката. Но никогаш не сакаше да се фали дека во неговата родна земја се игра добра кошарка. Тој, едноставно, сакаше да игра, а бидејќи умееше, сите сакаа да бидат во групата во која беше и тој.

Еднаш наставникот му предложи на Борче да си состави екипа што ќе се спротивстави на онаа што ја избрал наставникот. Овој пат (не беше фер од наставникот!) тој прв избра петмина со две резерви. Во екипата што ја избра беше предвиден и Франц. Но, тој не сакаше да игра во екипата на наставникот, а тоа и му го рече.

– Би сакал да бидам во екипата на Борче.

Наставникот не направи проблем и си избра друг играч.

Кога Борче си избираше екипа замоли еден член да биде од друго одделение. Тогаш Франц се спротивстави:

– Ќе ги победиме и сами!

– Ќе биде тешко, Франц – му рече Борче. – Тоа нема да оди лесно.

– Да се обидеме, Борче. Јас верувам дека сме најдобри. А особено ти.

– Не сум сигурен. Имаат силна екипа.

Му го рече тоа на својот другар, но Борче не сакаше да се кара и попушти. Заигра против екипата на наставникот и изгубија. Беа послаби. Се чувствуваше дека недостасуваат неколку подобри играчи. Франц се почувствува виновен.

– Да го повикавме Рудолф од другото одделение ќе победевме! – му рече на наставникот. – Имаше право Борче.

– Не знам, но ете, овој пат изгубивте – му одврати наставникот. – А не знам што мисли Борче за сето тоа?

Но, Борче мислеше поинаку:

– Можеби пак ќе загубевме. Вие бевте многу посилни, зашто си ги одбравте најдобрите!

Сега Франц не се согласуваше со него, но овој пат Борче не сакаше да отстапи и така, речиси за ништо, се скараа. Без вина виновен Борче остана сам, зашто многу ученици застанаа на страната на Франц. Тоа Борче тешко го поднесуваше.

Поради тоа недоразбирање, кое се претвори во караница, Франц се разболел. (Така рекоа децата!) Борче кај своите соученици сега веќе насетуваше прикриеното непријателство, кое никако не можеше да го сфати. Сите како да почнаа да го одбегнуваат. А сè почна речиси од ништо.

Но и Борче беше горд. И самиот почна да размислува (а тоа им го кажа и на родителите!) да се врати во родниот крај и таму да продолжи да учи. Го притискаше неизвесност, се почувствува сам, дури и почна да не дава одговори на часовите како порано.

Никој не се обидуваше да го праша што му е, а уште помалку да му помогне.

По неколку дена на улицата што водеше кон училиштето го виде Франц. Не се реши веднаш да му пријде, туку му се приближуваше полека, некако отстрана. Така направи и Франц. Пред самото училиште патеките им се споија.

– Здраво! – поздрави Борче.

– Здраво! – му отпоздрави Франц, но му беше мака што прв не поздрави тој.

Потоа пак сè одеше лесно. Борче му објасни на својот другар кои лекции изминале за време на неговата болест. Никогаш на Борче не му било потешко да објаснува лекции како тој ден. Дури тогаш јасно сфати колку е голема разликата меѓу знаење на лекција и недоволно знаење. Но, беше упорен и објаснуваше. Му се причини дека на тој начин и самиот уште подобро ги учеше лекциите.

Се обидоа и други да му ги објаснат на Франц изминатите лекции, но тој се правеше како да не ги слуша и си остана наведнат, глава до глава со својот другар.

ПОДАРОЦИ

Мајката на Перо и на Борјан е учителка во македонско дополнително училиште. На крајот од учебната година таа со група ученици отпатува во посета на Македонија за да си ги запознаат учениците убавите родни места.

Своите деца ги остави дома, зашто мислеше дека ако ги поведе и нив, не ќе може доволно да се грижи за другите ученици. А сакаше неколку дена и да се одмори од нив, зашто откако е овде нејзините двајца немирковци се постојано со неа: и дома и на училиште. Таа не може, како другите мајки, барем додека децата ѝ се на училиште, да се посвети на нешто друго.

Ги гушна и замина без нив, но им вети убави подароци.

И додека посетуваше разни места во нивната татковина, наполни една цела торба секакви дарови. Имаше убави книги на македонски јазик и прекрасни разгледници, уметнички и фотографски пејзажи од Охридското Езеро и Попова Шапка. Успеа да набави и убаво изрезбарен шах и многу други ситници. Во посебна торба, пак, го носеше она што беше за јадење: тиквешко грозје, жолто како килибар, потоа валандовски калинки, кои децата никогаш ги немаа видено, а уште помалку вкусено.

Однапред си ја замислуваше радоста на своите деца, кога ќе им ги даде подароците.

Но, патем, торбата со книги, разгледници, потоа шахот и другите ситници, некаде се затури. Помислуваше дека некој можеби ѝ ја украде, но ниту некого виде, ниту некого можеше да набеди. Беше разочарана, па дури и уплашена дека нејзините деца ќе помислат дека ги измамила. Тоа што

ѝ останаа грозјето и калинките, многу не можеше да ги утеши. Тоа беше убаво, но ќе се изеде, а трајните подароци ги нема.

И тогаш виде еден патник како се качи во возот на една попатна станица. Во рацете држеше голема мрежа, со цел куп фудбалски топки. Таа го замоли да ѝ продаде две за да им ги однесе на своите синови.

Перо и Борјан навистина се израдуваа. Одамна посакуваа фудбалски топки, а еве сега имаат дури и македонски! Не беше тоа мала работа, зашто неодамна Македонија ја победи Данска.

Радосно истрчаа надвор со топките. И други деца ги имаа и играа со нив, но Перо и Борјан тоа не го забележуваа ниту се затрчуваа по туѓите фудбалски топки. Тие се гордееја што можат да играат со свои, донесени дури од нивната далечна земја.

Туку, одеднаш, пред нозете на Перо се најдоа две исти фудбалски топки: бели со црвени шестоаголници!

„Не е можно“, си помисли Перо, „мора да ми се привидува!“ И одеднаш тој не знаеше која е негова и по која да посегне!

Тогаш дотрча сопственикот на втората топка, па и тој не знаеше која е неговата. Германчето, на возраст од Перо, русокосо и запотено, виновно погледнуваше во непознатото другарче, и во двете топки кои создадоа недоразбирање.

– И ти ли си од Македонија? – го праша Перо, иако според ликот и бојата на косата, беше повеќе од сигурен, дека непознатото дете е Германче.

Детето не го разбра прашањето. Тогаш Перо му објасни на германски јазик:

– Мојата топка е донесена од Скопје, од Македонија... И твојата можеби е оттаму!?

– Не, не, ја купивме во продавницата што е на два блока куќи, ене, онаму! – покажа со рака детето.

Одеднаш на Перо и на Борјан им стана јасна измамата на мајка им.

И, повеќе не им се играше. Се вратија дома како накиснати мачори. Се втурнаа со трчање во станот и навредени од мајка им ѝ ги вратија подароците.

– Учителка, мамиш, а?! – ѝ рече Перо.

– Ова се најобични германски топки! – како да имаше нешто лошо во тоа, ја обвини и Борјан.

Мајка им ретко плачеше, но сега очите ѝ се наполнија со солзи. Остави да ѝ течат, а објаснувањето, колку и да биде убедливо знаеше дека нема да може да го замени подарокот...

45
ДРУГАРСТВО

Две Германчиња и неколку Македончиња играа заедно. Наиде Ристо. Тој им се придружи во играта. Од џебот извади гуми за џвакање и им раздели само на Македончињата. Германските деца не ги понуди.

Бошко тоа не можеше да си го објасни. Им се одмаздува ли поради нешто?

– Зошто и нив не ги понуди? – го праша.

Ристо помолче, па одговори:

– Едни нивни пред малку ми се подбиваа – рече намуртено.

– Ти се подбиваа? Кога? – праша Бошко.

– Сега, пред малку, кога ги купував гумите за џвакање... – појасни тој. – И викаа по мене: „Странец! Странец! Оди си дома!“

Бошко веднаш одговори.

– И ќе си одиме! Не дојдовме овде да останеме. Ние си имаме своја татковина. – Но, сега си играме заедно. А кога се другарува не се прави разлика меѓу другарите.

Двете Германчиња, иако не го разбираа разговорот, претпоставија што зборуваат.

По неколку дена се сретнаа истите деца. Пак се заиграа. Тука беше и Ристо. Ханц имаше кеса чоколадни бомбони. Понудата ја почна од него.

– Битешен, Ристо! – му рече.

Ристо се почувствува поразен.

Зеде чоколатче, се заблагодари и засрамено ја напушта играта.

СТАРИТЕ ДРУГАРИ

Одамна е познато дека наши македонски печалбари живеат по сите меридијани во светот. Се знае и тоа дека средбите и разделбите се полни со емоционален набој што подразбира и радост и тага. А има и такви средби кои се незаборавни. Средби кои и самиот сум ги доживеал во татковината.

Во еден летен ден на плоштадот во Скопје, до Камениот мост, со група колеги – писатели, имав можност да настапам на едно книжевно пладне. По читањето, свој настап имаа и две културно-уметнички друштва. Едното беше допатувало од Мелбурн, а другото од Скопје.

– Повод за оваа средба е долгогодишната соработка меѓу двете културно-уметнички друштва... – најави горделиво Томе, претседателот на гостите од Мелбурн. – А тоа ќе го потврди и ќе го дополни и мојот другар Јане, претседател на фолклористите од Скопје.

Тоа и се случи... Се искажа и Јане. Публиката љубопитно ги слушаше. А и ракоплескаше.

Двајцата биле добри другари уште од детските години поминати во Скопје. Во исто училиште го завршиле и основното образование. Во иста секција го учеле и македонскиот фолклор. Иако Томе, по завршувањето на основното, со своите родители заминал во Мелбурн, нивното другарување не прекинало.

Но и оваа средба ќе остане незаборавна во нивниот живот. На тоа си помислив. Средба како резултат на нивниот труд и грижа за организирање во фолклорни друштва.

А преку тоа самите си создале мост за да се сретнуваат во животот... Да не го забораваат и другарувањето од детските години.

И меѓу другите, млади членови на двете културно-уметнички друштва, сè како да беше исполнето со љубопитство и запознавање. Тие меѓусебно се распрашуваа кој е и од каде е. Разменуваа и адреси за допишување.

Од разговорот со нив и самиот правев разлика меѓу Австралија и Македонија. Дали во образовната настава, во спортските активности, во литературните клубови, за кои немаа што да противречат... Но мостот беше тој и таков, можеби само така и на тој начин (особено во Австралија), може да се негува македонскиот национален интерес.

Споредувајќи ги младите од Мелбурн и Скопје, тие имаа многу повеќе разлики отколку исти или слични нешта. Разлики во забавниот живот, дискотеките, слободните активности, организирањето приредби по повод некој национален македонски празник.

Внимателно ги слушав разговорите, нивните размислувања...

„Така е“, си потврдував во себе. „И јас како младо момче, со децении наназад, во Келн, бев и сакав да бидам многу активен“. Познавајќи го животот на младите во Германија и самиот си правев многу споредби и наоѓав разлики. И така спонтано, покрај споредбите и разликите, ми се наметна мислата да направам заклучок. Бездруго, младите Македонци треба почесто да се сретнуваат со оние од другите краишта на светот, таму каде што е нашето иселеништво. Само така, преку споредби и размислувања, преку соработка, ќе бидат поуспешни во возвишувањето на она што е наш национален интерес.

„Ах, колку е Македонија... Колку е широка и пространа... Не има насекаде низ светот...“, си реков. „Колку е големо срцето на мојата земја...“

17

КАКО БЕТИ РАЗМИСЛУВА

Во градот Келн, кој е распослан на убавата река Рајна, родена е и Елизабета. Секогаш, кога ќе бев слободен, заедно правевме прошетки низ прекрасниот град на пловната река. Честопати се шетавме по романтичниот кеј на Рајна, позната и по бројните мостови, бродовите... Неодминлив е и рајнскиот парк, распослан покрај реката.

Убавиот Келн, како римско-германски град е познат и по спортските игралишта, по катедралата... Но и по големиот карневал, потоа по ботаничката и зоолошката градина и по многу културноисториски споменици.

Еден ден, сковав план за да отидеме и во Бон, каде што се патува со трамвај.

Тоа беше импресивно патување покрај брегот на реката Рајна, но и „пловидба“ низ рамни полиња.

Во Бон ја посетивме родната куќа на големиот композитор Бетовен, која се наоѓа во центарот на градот. Денот го поминавме поубаво отколку што имавме испланирано. Еден излет што долго време ќе се памети.

Откако со Бети се вративме дома, имавме и за што да разговараме. Слушајќи нè, и мајка ѝ на Бети посака, наредните денови, тројцата заедно да отпатуваме за Бон.

– А зошто да не? – предлогот ми се виде прифатлив. – Треба да решиме и да заминеме. Еден ден.

– Колку би сакала! – се израдува и Бети. – И тоа што побргу!

– Но пред тоа мора да се продолжат визите на пасошите... – потсети. – И да се одреди убав ден...

– Бездруго, таа работа треба да се заврши... – потврдив.

– И мене ми се присакува пак да го посетиме овој преубав град. Но, кога стана збор за продолжување на визите, Бети се подзамисли. И не се вклучи во разговорот, ами одеднаш сневеселено замолче. Јас си помислив дека се измори од напорниот ден и време е да си легне во креветчето.

Малку подоцна подналутено се сврте кон нас.

– А што е со мојот пасош!? – праша. – Зар тој не треба да биде поголем?!

Ние зачудено ја погледнавме.

– Значи, така!? – продолжи нашата малечка ќерка. – Само мојот пасош да остане „мал“, а? И не треба да се „продолжи“!?

Јас и мајка ѝ сега гласно се насмеавме на нејзиното размислување. И се обидов да ѝ објаснам... Најпосле девојчето се согласи. Но само донекаде... А за да биде објаснувањето конечно се послужив и со други досетки... Ја потсетив како таа размислуваше и за други нешта. Тогаш кога беше уште помала... А и самиот се навратив на тие прекрасни недоразбирања...

...Еднаш, гледајќи на телевизија детска емисија како се градат мостови, до неа допре зборот „бетонира“... На моето дообјаснување за бетонирањето, таа ме праша:

– Зошто бетонира, а не татонира? Потоа, слушајќи ја музиката на големиот композитор, таа постави и вакво прашање:

– Зошто Бетовен, а не Татовен?

Па како Бети растеше, така и овие нејзини размислувања поминуваа почесто во шеги.

„Така е со детството...“, си помислив гледајќи ја ќерка ми. „Со текот на времето детските години си одат во неповрат, а само спомените долго си остануваат...“

ДАЛЕЧНИ ГОСТИ

Баба Зора и дедо Јован, имаат син и ќерка.

Откако децата им пораснаа, некои нешта се изменија.

Постарата ќерка се омажи за наш Македонец што живее во градот Перт, во Австралија. Синот се ожени со наша Македонка од Торонто, во Канада.

Баба Зора и дедо Јован останаа сами во градот Тетово.

„Таква била судбината...“, си мислеа двајцата. „Освен здравје, ништо веќе да не бараме...“

На секое писмо што ќе го добиеја, се радуваа. Дали пишува ќерката или се јавил синот, сеедно... Радоста им беше неизмерна. Писмата постојано ги препрочитуваа. Тоа им беше како утеха што не им се децата крај нив.

Но откако добија и внуци, нивната радост беше преголема. Во писмата кои сега им пристигнуваа, имаше поздрави и од внуците. Радоста на баба Зора и дедо Јован, беше неизмерна.

Времето си минуваше. Многу побрзо отколку што очекуваа. Со тоа и децата растеа.

Откако внучињата пораснаа, се подготвуваа да им дојдат на гости, да ги израдуваат баба си и дедо си.

Се приближуваше и тој ден кога се беа договориле да пристигнат во Тетово. Да ги видат бабата и дедото. Градот под убавата Шар Планина, со прочуената Попова Шапка.

Дојде и тој долгоочекуван ден. Куќата на баба Зора и дедо Јован се наполни со голема радост, со малите внучиња. Со тие далечни гости од Австралија и Канада бабата и дедото брзо се уверија дека можат да се разберат на наш македонски јазик. Внуците добро научиле да зборуваат

македонски. А што ќе беше ако зборуваа едното на англиски, а другото на француски, на јазиците на кои тие таму се школуваа. Меѓу себе, како братучеди, не ќе можеа да се разберат, а камоли нивните баба и дедо и другите блиски и далечни роднини.

19

ЅВЕЗДИТЕ НАД КРУШЕВО

Близнаците Славица и Славко се родени во градот Бон. А нивните родители се од Крушево. Од градот за кој сите Македонци знаат, па каде и да се раселени по светот.

Близнаците откако пораснаа, посакаа да го посетат родниот град на своите родители. Одморот го планираа во зима, затоа што целото семејство го сака снегот и скијањето.

Така и излезе, според планираното. Стигнаа во Крушево, во „највисокиот град“, оној, легендарниот.

Откако се одморија од патот, таму ја прославија и Новата година. А наредните денови како да беа само за рекреација и за забава, но и за спортување. Белата убавина – снегот, на тоа и ги мамеше.

На Славица и Славко, не им беше првпат да скијат. Тие веќе во неколку наврати беа во Шварцвалд и таму го научија овој зимски спорт.

А и сега, во Крушево, одвај чекаа да се скијат. Радоста посебно беше голема затоа што близнаците имаа можност да се запознаат и со своите роднини.

На Божик имаа добра можност да доживеат како се слави во Македонија. Секој ден како да им беше сон, како да беа во некоја сказна што ја сонувале, а таа одеднаш се претворила во јаве.

Вистински зимски амбиент во Крушево. Такви убави денови сестрата и братот немаа доживеано. Така си мислеа.

Тие денови сонцето секојдневно грееше. Иако средзима, тоа беа денови не само за санкање и скијање, ами и за сончање. Убавото време ги правеше среќни.

– Ќе дојдеме и в лето! – рече Славица. – Овде и во лето е прекрасно.

– И јас на тоа помислив… – се вмеша Славко. – А ќе посетиме и други туристички места низ Македонија.

– Треба уште мама и тате да ги убедиме! – продолжи ќерката. – Но дали ќе сакаат да ни се придружат? Или само да ни ја прифатат желбата?

– Дали ќе сакаат!? – како да се изненади братот. – А зошто да не? Та овде се родени и двајцата…

Нивните родители ги слушаа и задоволно се смешкаа.

– Желбата ќе ви биде исполнета! – се јави таткото. – Штом сте одушевени од снегот и зимата, тогаш…

– Летото ќе биде уште поубаво! – прифати и мајката. – Овде сите годишни времиња се прекрасни.

Кога ќе се вратат назад, Славица и Славко ќе имаат со што да им се пофалат на своите германски другарчиња. Можеби и тие ќе посакаат да дојдат во Крушево? Така и сами ќе ги доживеат убавините на Македонија. Така си мислеа близнаците.
